# МЕРЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

Институт за комуникациски студии

respublica

**Наслов на публикацијата:**
Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica respublica

**Автори:**
Вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
Александра Теменугова
Проф. д-р Весна Шопар
м-р Бојан Георгиевски
м-р Јорданка Черепналкова - Трајкоска
м-р Михајло Лахтов
м-р Мила Стаменова
Асс. м-р Теа Конеска-Василевска
Дарко Малиновски
Владимир Делов

**Уредник:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Јазична редакција:**
Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

**Графички дизајн:**
Татјана Коцева Спирова

**Техничко уредување:**
Дејан Јовески

**Место и година:**
Скопје, 2024

# Содржина


Вовед 4

1. Месечен извештај за фејсбук-профили и интернет-страници на политички актери 6

1.1 Комуникациски практики на политичките партии и на нивните лидери 10

1.2 Мониторинг на официјални канали за комуникација на владини претставници 23

РЕЗИМЕ 24

2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери 27

2.1 Извештај за мониторинг на известувањето на онлајн медиумите за политичките актери 27

2.2 Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците 37

РЕЗИМЕ 53

# Вовед

Седмиот извештај „Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ е сублимат на податоците од мониторингот на комуникациските практики на политичките актери во мај 2024 во кои се идентификувани штетни наративи. Дополнително, извештајот содржи анализа како овие штетни наративи се третирани во централните информативни изданија на 9 телевизии и 11 онлајн медиуми.

Карактеристично за мајскиот извештај е што мониторингот се спроведуваше во период на последните денови од предизборната кампања за вториот круг од претседателските и за парламентарните избори кои се одржаа истовремено на 8 мај, како и за време на постизборието кога беа претставени резултатите од гласањето односно мандатарот на новата влада и веќе течеа преговорите за нејзиниот иден состав. Тој е последен од серијата двомесечни и едномесечни извештаи за периодот на мониторинг од септември 2023 до мај 2024 година.

Институтот за комуникациски студии нагласува дека кандидатите за претседател на државата не беа предмет на овој мониторинг.

За целите на ова истражување се следат интернет- и фејсбук-страниците на десет политички партии кои се застапени со најмалку двајца пратеници во Собранието: Алијанса на Албанците, Алтернатива, ДУИ, Демократско движење, ВМРО-ДМПНЕ, Левица, ЛДП, Нова социјалдемократска партија, СДСМ, Социјалистичка партија. На Фејсбук се мониторирани и профилите на лидерите на политичките партии, како и профилите на претседателот на преодната Влада на РСМ, замениците на премиерот и министрите во Владата. Примерокот на медиумите ги опфаќа следните 11 онлајн медиуми и 9 телевизиски станици: Онлајн медиуми: Локално; Независен; Слободен печат; А1он.мк; МКД.мк; Република; Курир; Алмакос; Тетова сот; Нова ТВ; Вечер.мк. Телевизии: МТВ 1 (јавна); МТВ 2 (јавна, на албански јазик); Алфа ТВ (приватна); Канал 5 (приватна); Сител ТВ (приватна); ТВ 24 (приватна); Телма (приватна); Алсат М (приватна, на албански јазик); ТВ 21 (приватна, на албански јазик).

Исто како и во претходните извештаи, и тука емпириски се доловени содржината и обемот на штетните наративи пропагирани од политичките актери, интензитетот, темите и субјектите кон кои се насочени негативните пораки. Притоа, во извештајот се посочени прекршувањата на стандардите и начелата за недискриминирачка и транспарентна политичка комуникација од страна на политичките претставници, како и стандардите за професионално и етичко новинарско известување, особено во изборни периоди.

Податоците содржани во овој извештај се добиени со комбинација на повеќе методи и техники: квантитативно-квалитативна анализа преку мониторинг – набљудување, следење и утврдување присуство на претходно дефинирани индикатори (вкупно 14), кои пак се поврзуваат со некои од 16-те штетни наративи; критичка дискурзивна анализа – испитување на јазикот, реториката и стратегиите за врамување што ги користат политичките актери и медиумите.

Динамиката за следење на содржините на политичките актери е секој последователен трет и четврти ден во месецот, а на медиумите е секој четврти ден во месецот. Повеќе детали за методолошката рамка, примероците и динамиката на следење, како и детали за целиот истражувачки процес се достапни на: ШТЕТ-НА.

Истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“ (ШТЕТ-НА) Институтот за комуникациски студии (ИКС) го реализира во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Користи факти“, поддржан од Британската амбасада во Скопје. Истражувањето е лонгитудинално и во текот на 2023 и 2024 година во неколку фази го спроведува тим од ИКС во соработка со истражувачи и експерти од областа на комуникациите и медиумите, како и со медиумски професионалци во делот на мониторингот и на контролата.

Анализата на податоците од мониторингот во мај, но и од изминатите девет месеци открива дека политичките актери во Македонија страгегиски користат штетни наративи и го девалвираат нивото на политичката комуникација  за да привлечат повеќе гласачи во предизборнииот период. Најдобар показател за тоа е што трендот на раст на штетната реторика во месеците пред изборите во мај, по завршувањто на изборниот процес односно претставувањето на изборните резултати значително се промени односно дојде до спласнување на штетните наративи.

Имено, во **мај на фејсбук-страниците на политичките партии и на нивните лидери беа евидентирани 115 објави** со штетни наративи, што е намалување во однос на претходните два месеци (142 објави во март и 176 објави во април). Овој тренд се одрази и во известувањето на медиумите кадешто исто така има пад на бројот на објави со штетна реторика. Во вестите на ТВ – станиците **овој месец беа забележани 51 прилог со штетна содржина, што е рекордно намалување** (55 „штетни прилози“ во април и 79 во март). Слична е состојбата **кај онлајн медиумите кадешто беа евидентирани 187 објави со штетни наративи**, што е забележително намалување во однос на претходниот период (во април 261 објава со штетни наративи, а во март-224).

Три најчести штетни наративи кај политичките актери како и во претходните месеци се **„пристрасното селектирање“, „поткопувањето на довербата во институциите“ и „нападите на лична основа“**. Распоредот на првите две места е ист кај онлајн медиумите и кај ТВ станиците со тоа што трет најчест штетен наратив кај двата вида медиуми е „поттикнувањето поделби“. И овој месец можат  да се забележат објави со „екстремен патриотизам и национализам“, „етноцентризам“, „ширење паника и страв“ и поединчени случаи на „говор на омраза“

# 1. Месечен извештај за фејсбук-профили и интернет-страници на политички актери

**Предмет на мониторинг:** Интернет-страници на политички партии и фејсбук-профили на политички актери

**Месец:** Мај 2024 година.

Денови на мониторинг на политичките актери во мај

| нед. | пон. | вто. | сре. | чет. | пет. | саб. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 29 | 30 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

Вкупно 16 денови

**Денови за мониторинг се:**
1, 2, 5, 6, 9, 10, 13, 14, 17, 18, 21, 22, 25, 26, 29, 30 (вкупно 16 денови).[1]

Одржувањето на парламентарните избори на 8 мај годинава и објавата на изборните резултати донесоа значително забавување во динамиката на продуцирање и ширење штетни наративи кај повеќето политички актери, што резултира со намалување на штетната реторика во јавниот дискурс во споредба со претходните месеци од мониторингот. Во периодот од 1 до 30 мај 2024 година беа идентификувани вкупно **115 објави на интернет- и на фејсбук-страниците на политичките актери кои содржат штетен наратив (61 штетен наратив** помалку од април и 27 помалку од март), претежно објавувани на фејсбук-страниците на партиите.

Во мај има значителни **промени во првите три места** на листата политички партии рангирани според бројот на објави со штетни наративи. За разлика од претходните месеци кога ВМРО-ДПМНЕ беше константно партија кај која беа идентификувани најмногу штетни наративи, овој месец тој примат го презеде **Левица со убедливо најмногу (25) штетни наративи во нивната јавна комуникација**, што е сепак благо намалување во однос на претходниот период (во март 27 и во април 38 објави со штетни наративи). Освојувањето на првото место, освен поради намалената штетна активност на конкурентните политички партии, веројатно се должи на задржувањето на жестокоста на предизборниот наратив кај оваа политичка партија и по објавата на изборните резултати. Имено, Левица го зголеми присуството во Парламентот од два на шест пратеници, но сепак остана во опозиција и како и во претходниот период продолжи да ги критикува речиси сите политички противници. **ВМРО-ДПМНЕ падна на второто место со 16 објави со штетни наративи** (март и април по 43 штетни објави, соодветно), што исто така најверојатно се должи на изборните резултати, односно убедливата победа на оваа партија (58 пратенички мандати) и следствено на тоа преориентирање од напади и критики на политичките противници кон барање партнери

1 Динамиката за следење на содржините на политичките актери е „секој последователен трет и четврти ден во месецот“.

за формирање на нова влада. Карактеристично е што прв пат од почетокот на мониторингот, односно во месеците од септември 2023 година наваму, СДСМ во мај годинава не се најде меѓу првите три партии со најмногу штетни наративи. Оваа партија со пет објави со штетни наративи (по 29 во март и во април, соодветно) го заседе четвртото место и го отстапи **третото место на ДУИ** кај која беа утврдени шест објави со штетни наративи (во март 9 и во април 14 штетни објави). Впечаток е дека изборните резултати предизвикаа своевиден постизборен молк кај СДСМ, иако повторно беа забележани штетни наративи кај некои министри од оваа партија, конкретно министерот за земјоделство. шумарство и водостопанство Љупчо Николовски и министерката за култура Бисера Костадиновска Стојчевска.

Иако комуникацијата на политичките партии е очекувано да се интензивира во пресрет на изборите и во постизборниот период, намалувањето на штетните наративи делумно може да се должи на фактот што политичките партии се свесни дека за време на официјалната кампања се под мониторинг од различни институции и организации како ДИК, ДКСК, ОБСЕ/ОИДХР, па оттука се и повнимателни да не ги прекршуваат правилата и кодексите.

Кога станува збор за поединците, односно за **партиските лидери и функционери**, најмногу (16) штетни наративи беа констатирани на фејсбук-страницата на **лидерот на Левица Димитар Апасиев**, што е значително зголемување во однос на претходните два месеца (во март 9 и во април 7 штетни објави). **Еден штетен наратив** беше идентификуван и **кај лидерот Христијан Мицкоски, а ниту еден кај лидерот на СДСМ Димитар Ковачевски**. Во штетните објави кај претставниците од редовите на **ДУИ** предводеше **Крешник Бектеши со 10 вакви објави**, што е забележително зголемување во однос на претходниот месец (во април 2 штетни објави), а потоа следуваат **Артан Груби** (5) и **Али Ахмети** (3). Зголемување на бројот на објави со штетен наратив може да се забележи кај еден од клучните гласноговорници на **Алијанса за Албанците, министерот за правда Кренар Лога** (од 3 објави со штетен наратив во април на 10 во мај).

Како и претходните месеци, мониторингот за април не покажа објави со штетни наративи на интернет- и на фејсбук-страниците на партиите ЛДП, Нова социјалдемократска партија и Социјалистичка партија на Македонија, како и на страниците на нивните лидери.

Табела 1. Приказ на објави со штетен наратив според политички актер (мај 2024)



Земајќи го предвид вкупниот број објави во споредба со бројот на објави со штетен наратив, на секој од мониторираните комуникациски канали на политичките партии и на нивните лидери може да се забележи дека процентот на штетност во мај е најизразен на каналите на партиите Алтернатива и Левица, како и фејсбук-профилите на министерот за економија од ДУИ Крешник Бектеши и министерот за правда од Алијанса за Албанците Кренар Лога. Комуникациските канали со најмал процент на штетност во мај се СДСМ и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски.

Табела 2. Учество/процент на објавите на штетни наративи во вкупниот број објави на ФБ профилите на политичките субјекти (мај 2024)




Табела 3: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии (мај 2024)




| | Љупчо Николовски | Христијан Мицковски | Арбен Таравари | Алијанса на Албанците | Алтернатива | Али Ахмети | Артан Груби | ДУИ | Африм Гаши | Крешник Бектеши | СДСМ | Изет Мецити | Димитар Апасиев | ВМРО-ДПМНЕ | Левица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пристрасно селектирање | 1 | 1 | | | | | 2 | | 3 | 4 | 7 | 4 | 10 | 18 | 26 |
| Поткопување доверба | | | 2 | 3 | 1 | 3 | | 5 | 1 | 6 | 7 | 3 | 5 | 9 | 26 |
| Напади на личност, Демонизација | | | | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | | 2 | 12 | 8 | 6 |
| Поттикнување поделби | 1 | 1 | | | | | | 1 | | 2 | 1 | | 7 | 7 | 9 |
| Популизам | | | | | 1 | | | | 3 | | 1 | 4 | 4 | 7 | 5 |
| Ширење паника, страв и | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 2 | 6 | 10 |
| Говор на омраза | | | | | 1 | | | | | | | | 8 | | 4 |
| Странско влијание | | | | | | | 3 | | | | | | 1 | | 8 |
| Етноцентризам | | | | | | 1 | | | | 1 | | 1 | | 2 | |
| МАВМС | | | | | | | 1 | | | 1 | | 1 | | 3 | |
| Екстремен патриотизам, и/или национализам | | | | | | | | | | 1 | | 2 | | 1 | 1 |
| Теории на заговор | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Злонамерни информации | | | | | | | | | | 1 | | | | | |

Во мај првпат соопштенијата не се најчестата форма на комуникација за ширење штетни наративи, туку **избиваат на површина партиските реакции и обвинувања**, прозивките и напади помеѓу политичките опоненти, фејсбук-објавите со обраќања од јавни собири и митинзи, интервјуа и изјави за медиуми, како и манипулирани аудио и визуелни содржини, видеорилсови и кратки фејсбук-статуси. Оваа промена во најчесто користените форми на комуникација и транзицијата од формална и индиректна, кон неформална и директна, главно се должи на изборните кампањи и заострувањето на предизборните реторики и напади кон опонентите. Дополнително, зачестените средби со граѓани и собири влијаат на зголемување на вербалната комуникација во форма на говори и изјави, за сметка на писмените форми како соопштенијата.

Со оглед на предизборната атмосфера, најчестата тема, како и во претходните месеци од мониторингот, беше внатрешната политика, овој пат достигнувајќи рекордна бројка од 100 од вкупно 115 објави со штетни наративи или 87 проценти од вкупниот број идентификувани штетни објави. Останатите теми кои се провлекуваа низ предизборните штетни реторики беа криминалот и корупцијата, кои се користеа за непоткрепени напади на политичките опоненти. Секоја дневно-политичка тема, сите општествени проблеми се користеа за јавна комуникација и поентирање кај гласачите со критика кон опонентите и промоција на сопствената политичка партија. Додека ВМРО-ДПМНЕ, Левица и Вреди беа фокусирани на критики кон владеењето на СДСМ и ДУИ и нивната корупција, СДСМ потсетуваше на претходното владеење на ВМРО-ДПМНЕ, а ДУИ  на конфликтот во 2001 со намера преку овие наративи да создадат одбивност кај гласачите од опозициските партии. Исто така, и евроинтеграциите беа честа тема во штетните наративи која се провлекуваше низ комуникацијата на сите партии, од кои само Левица смета дека не треба да се продолжи.

Според квантитативните анализи, продолжи сличен тренд на застапеност на видовите штетни наративи. Партиите и во мај најчесто пристрасно селектирале информации (со што можеле да ја доведат јавноста до погрешни заклучоци), бидејќи во вжештена атмосфера на предизборна реторика, проактивните и реактивните партиски комуникации се главно насочени кон обвинувања на опонентите. Исто така, партиите често ја поткопувале довербата во институциите преку изнесување непоткрепени тврдења за корумпираност и злоупотреба на службената должност и грубо ги напаѓале и ги етикетирале политичките противници. Почесто напаѓана институција во постизборниот период е и ДИК (Државната изборна комисија), особено од ДУИ и од Европскиот фронт. Речиси ист е процентот на застапеност на обвинувањата за негативни странски влијанија, најчесто српското и руското, идентификувани во комуникациите на Европски фронт и на СДСМ и се насочени кон Вреди, Левица и ВМРО-ДПМНЕ, а  западното влијание е критикувано од Левица. Од една страна, Европски фронт и СДСМ ги обвинуваат политичките опоненти за дејствување под негативно српско и руско влијание, кое има за цел да ја отргне земјата од својата евроатлантска стратегиска определба и да ја наруши демократијата. Од друга страна, Левица ги обвинува ДУИ и СДСМ за подлегнување на негативно западно влијание со кое се распродава и се уништува државата. Со заострување на предизборните реторики, може да се забележи и зачестена употреба на популистички наративи, поттикнување поделби и ширење паника, страв и несигурност во општеството. Владејачките партии најавуваа светла и европска иднина ако добијат власт и предупредуваа на мрак, враќање назад и кризи ако победат политичките опоненти. Дополнително може да се забележат штетни наративи на популизам, етноцентризам и екстремен патриотизам кај етничките Албанци од власта и опозицијата, но и кај ВМРО-ДПМНЕ и Левица. Говорот на омраза е повторно идентификуван во реториката на Левица и лидерот Апасиев, особено со развивање на наративот за албанизација и косоваризација.

## 1.1. Комуникациски практики на политичките партии и на нивните лидери

## Социјалдемократски сојуз на Македонија – СДСМ

Во мај мониторингот на комуникациските канали на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија - СДСМ нотира нагло намалување на јавната комуникација и на штетните наративи, со вкупно 108 објави (53 на фејсбук-страницата и 55 на интернет-страницата на партијата). Од нив, идентификувани се само пет објави со штетен наратив или 4,6 % штетност во вкупниот број објави. За споредба, во април се нотирани вкупно 278 објави од кои 29 со штетен наратив (или 10,4 % штетност), а во март од вкупно 540 објави нотирани исто 29 со штетен наратив (или 5,4 % штетност).

Намалениот број објави со штетен наратив во дел се должи на намалениот вкупен број на објави на комуникациските канали на СДСМ, особено по поразот на изборите, на 24 април на првиот круг претседателски избори и на 8 мај на вториот круг претседателски избори и парламентарни избори. Така, од 9 мај до 23 мај се забележува само една фејсбук-објава (на 12 мај) со пренесена колумна на Стефан Богоев.

Предизборната реторика на СДСМ продолжи со истата клучна порака дека тие нудат европска иднина и подобар животен стандард за сите граѓани на државата, додека ВМРО-ДПМНЕ е истата партија која владееше со земјата до 2016 година и би донела само режим, недомаќинско трошење на парите на граѓаните и скршнување од европскиот пат. Затоа, СДСМ зачестено пристрасно селектира и употребува примери од минатото владеење на ВМРО-ДПМНЕ, како проектот Скопје 2014 и нивниот претходен лидер Никола Груевски, со цел да ги убеди граѓаните дека СДСМ е добрата, а ВМРО-ДПМНЕ е лошата политичка опција.

Четири од објавите со штетни наративи се пласирани само на интернет-страницата и една е објавена на двата комуникациски канала. Сите штетни објави се во форма на соопштенија од областа на внатрешна политика, конкретно три со фокус на споредби помеѓу владеењето на СДСМ и владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, една со напад кон партијата ЗНАМ и една за изгласувањето на ДУП во населбата Лисиче во Општина Аеродром.

Покрај споменувањето на својата партија и прикажувајќи ја како бранител на правдата, а поретко и како спасители и ЕУ-ориентирани, најчесто споменувани во штетните објави на СДСМ месецов се ВМРО-ДПМНЕ и понатаму нарекувани „ДПМНЕ“, Никола Груевски, Гордана Сиљановска-Давкова и Христијан Мицкоски.

СДСМ во мај повторно најчесто користеше непоткрепени тврдења за корумпираност (5), а поретко и намерно изоставаше информации (2) со кои развиваат штетни наративи за поткопување на довербата во институциите (7) и пристрасно селектирање на информации со кои ја наведуваат јавноста на погрешни заклучоци (7).

Поткопување на довербата и пристрасно селектирање информации може да се забележат во соопштение од обраќањето на лидерот на партијата Димитар Ковачевски на предизборен митинг во Радовиш од 2 мај насловено „Ковачевски: Преголема моќ кај десничарска партија како ВМРО ДПМНЕ значи крај на нашите ЕУ-перспективи, крај на независните медиуми и на независното судство“. Штетните наративи од неговото обраќање ги развива со употреба на тврдења за корумпираност, неотчетност и непрофесионалност: *Не дозволувајте ВМРО да продава евтини демагогии за иднината. Сетете се како неговиот ментор од Будимпешта ја ограби и ја зароби државата... Сетете се на милионите потрошени за жални врби, лажен барок, евтин стиропор само за да се богатат поединци и фамилијата која беше на власт...* и со намерно непренесување на целосната слика на настаните – *Видете како предизборната кампања, Мицкоски и Силјановска наместо во натпревар на проекти и идеи ја претворија во националистички скандирања и препукувања со лидерот на ДУИ, Али Ахмети...*

Во засилувањето на предизборната реторика, покрај пристрасното селектирање информации и поткопувањето доверба во институциите и медиумите, кај СДСМ може да се забележи и обидот за оцрнување на ВМРО-ДПМНЕ со цел да се предизвикаат поделби и раздори, но и ширење паника, страв и несигурност за враќањето на политиките на Груевски и прекинот на процесот за влез во Европската Унија. На пример, во соопштение од 1 мај од обраќање на Ковачевски од првомајски пикник, насловено „Ковачевски: Со враќање на ВМРО-ДПМНЕ дозволуваме сигурна блокада на Македонија и внатрешни етнички тензии“ продолжува наративот дека ништо не е променето во ВМРО-ДПМНЕ и со нивното доаѓање на власт би се вратил „режимот“ – *Ако десничарска партија како ВМРО добие таква моќ, со сите државни ресурси на располагање, може да се соочиме со крајот на нашата европска перспектива. ВМРО ќе ја одложува евроинтеграцијата до недоглед како што тоа го правеше Груевски.*

Освен штетните објави од партиските канали, овој месец забележани се штетни наративи на фејсбук-страниците на двајца министри од СДСМ, односно еден штетен наратив кај министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, и четири штетни наративи кај министерката за култура Бисера Костадиновска Стојчевска, кои исто како и партиските штетни комуникации, се однесуваат на внатрешна политика со фокус на напади кон ВМРО-ДПМНЕ.

Во објавата на фејсбук-страницата на Љупчо Николовски од 6 мај, со која повикува на гласање, продолжува реториката дека со враќањето на ВМРО-ДПМНЕ на власт ќе се врати „режимот“ со пораката - *Силен #СДСМ во Собранието е потребен заради иднината на државата. Нема друг начин за да го спречиме ВМРО ДПМНЕ повторно да го донесе режимот кој толку долго се трудевме да го срушиме. Затоа на 8 мај, да не дозволиме да се вратиме назад.*

Во штетните објави на Бисера К. Стојчевска може да се забележат партиските предизборни реторики во кои се напаѓа ВМРО-ДПМНЕ, но и партијата ЗНАМ, со пристрасно селектирање информации, како и поттикнување поделби. На пример во фејсбук-објава од 6 мај министерката Стојчевска повикува на гласање, оцрнувајќи ги ВМРО-ДПМНЕ и ЗНАМ:

*- Гласот за ЗНАМ е глас за ВМРО ДПМНЕ, глас за режим и насилство, глас за мрак и минато. Гласот за лажните социјалдемократи и за лажните патриоти е скршнување од европскиот пат и целосна изолација на државата. Вистинските социјалдемократи не гласаат за популисти и не коалицираат со режим.*

Ваквите пораки, особено кога доаѓаат од носители на јавни функции, се штетни бидејќи придонесуваат кон засилување на поделбите во општеството и нормализирање на ниското ниво на политичка комуникација, а оцрнувањето на главниот политички опонент со поистоветување со „режим“, „мрак“ и „враќање назад“ придонесува кон ширење страв во општеството од евентуална власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

## Демократска унија за интеграција – ДУИ (Bashkimi Demokratik për Integrim – BDI)

Овој месец, кај Демократската унија за интеграција – ДУИ се забележува трансформација во штетната јавна комуникација пред и по парламентарните избори. Ако клучниот наратив пред изборните резултати беше паролата „Да за Европа, Не за Русија“, по изборите гласноговорниците на ДУИ се фокусираат на етноцентричниот наратив дека ДУИ е единствениот легитимен претставник на Албанците, потсетувајќи на конфликтот од 2001 година. Дополнително, ги обвинуваат институциите и Вреди за изборен инженеринг и најавуваат криза ако ДУИ не е учесник во формирањето нова влада.

Во шесте идентификувани штетни наративи на интернет- и на фејсбук-страницата на ДУИ, може да се забележи дека продолжиле да ги користат истите предизборни реторики, главно со користење на непоткрепени тврдења за корупција, непрофесионалност и негативни странски влијанија, кои по из-

борите се трансформираат во штетен наратив за поткопување на довербата во ДИК, со критики за изборните резултати и одлуките за прегласување, но и напади кон формирањето на коалицијата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и Вреди, најавувајќи криза во општеството. Оттука, продолжувајќи да се претставуваат како бранители на националниот идентитет, бранители на правдата, ориентирани кон ЕУ, транспарентни и отчетни, фокусот на штетните наративи на ДУИ е главно насочен кон ВМРО-ДПМНЕ, Мицкоски, СДСМ и коалицијата Вреди.

Клучните пораки од предизборната кампања на коалицијата „Европски фронт" формирана од ДУИ се повторуваат и овој месец - „Да за Европа, Не за Русија" и себепретставување како единствената опција која е главен носител на европската интеграција во државата, но и единствен претставник и бранител на интересите на етничките Албанци.

На пример, во објава на 6 мај на фејсбук-страницата на партијата, на прес-конференција на Европски фронт, Арбер Адеми го сумира штетниот предизборен наратив кој неосновано алудира на негативно странско влијание во партиите од опозицијата и ја потенцира споредбата на ДУИ како добрата опција која се залага за европска иднина на земјата и „опозицијата", односно коалицијата Вреди, како опција под руско и српско влијание со кое државата ќе се враќа назад: *Победа на светлата иднина наспроти враќањето назад (...) опозициските ривали (се) без платформа поттикнати од Москва и Белград (...) гласовите за опозицијата се гласови за ВМРО (...) Европскиот фронт е единствен чувар на (...) европската перспектива*".

Исто така, во објава на 2 мај на фејсбук-страницата на ДУИ, од прес-конференција на Бујар Османи се забележува истиот штетен предизборен наратив кој има капацитет да продлабочува и да креира општествени поделби: *Додека ВМРО и нивните сојузници секој ден рециклираат националистички тези, флертуваат со проруски интереси, отворено се заканувaат на славното востание од 2001, ги зголемуваат тензиите меѓу етничките и верските заедници во земјата, Фронтот гарантира стабилност и соживот обединувајќи ги сите заедници во мисијата за подобар и побогат живот (...) оттука граѓаните не треба да им веруваат на оние што сакаат да не вратат назад (...) да ја зајакнеме политичката позиција не само на Албанците туку и на сите заедници против арогантното заканување за мајоризација што го прави неодговорниот хор на ВМРО.*

Дополнително, во предизборниот период, во објава од интернет-страницата на ДУИ од 5 мај, се пренесува текст, фотографија и видео од предизборен митинг на Европски фронт во Тетово, во кои покрај непоткрепените тврдења за корумпираност, можат да се забележат и навредливи напади на политичките опоненти: Зејд: *Албанската опозиција му се предаде на Мицкоски (...), но не го злоупотребиле Албин Курти за гласови и му се вратиле на Мицкоски. Опозицијата заборава дека не може да го плаши народот со полиција и со вакви размислувања (...);* А. Хоџа: *Секој митинг на претседателските избори го почнаа со Албин Курти, а кога загубија со над 40 илјади гласови, му се вратија на Мицкоски. Нашиот фронт ги претставува сите граѓани и не е поделен како што сака нивниот вмровски газда (...) Кокошката останува кокошка дури и ако стави крила на орел, затоа да не дозволиме да му се отсечат крилата на орелот. Не сакаме изолација, не ми е гајле за крикот на Билал, ни за бунарската жаба на Африм Гаши или другите или на пример извадок од обраќањето на Мендух Тачи: (...) јас сум експерт за мочуришта и бактерии како Вреди (...).*

По изборниот резултат, штетните јавни наративи на ДУИ се фокусираат на тврдењето дека тие се единствената опција која ги штити интересите на Албанците во Македонија, додека коалицијата Вреди не може да го застапува мнозинството Албанци во земјава и е во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, портретирајќи ги како партија која ќе инсталира заробена држава и се залага за етничка мајоризација, како и критики кон ДИК за одлуките околу изборните прекршувања и прегласувањето.

На пример, во фејсбук-објава на 14 мај од прес-конференција на Елми Азири може да се забележи овој штетен наратив со кој се поткопува довербата во ДИК, изборниот процес и исход: (...) *Неправедно*

*и со надгласување во ДИК, како во едноумието донесена е одлука за прегласување (...) им биле дадени партиски инструкции на членовите на ДИК (...) координиран политички обид на македонските партии и албанската опозиција за да ги преземат мандатите од Европски фронт (...) повторно се инсталира заробената држава, надгласувањето и етничката мајоризација (...).*

Исто така, во фејсбук-објава од 17 мај од прес-конференција на министерот за информатичко општество и администрација Наим Бајрами повторно се забележува штетноста на постизборниот наратив на ДУИ со кој се најавува криза во земјата: *Обид за изборен инженеринг кој има за цел да го смени односот во Собранието преку политички договор на маса (...) со политички договор и монструозен антидемократски план зготвен во штабовите на ВМРО, СДСМ и Вреди се прави обид за нарушување на волјата на граѓаните (...) Седницата на ДИК беше скандал од прегласување и суспендирање на принципите на Охридскиот договор и враќање на претходни системи (...) враќање на антидемократскиот систем што произведува меѓународна, меѓусоседска, меѓуетничка социјална криза.*

Во мај идентификувани се и три објави со штетни наративи на фејсбук-страницата на лидерот на партијата, Али Ахмети, од негови интервјуа и изјава за телевизии, кои се однесуваат на изборите, но се споменува и конфликтот во 2001 година како тема. Во овие објави Ахмети се претставува себеси како бранител на сопствениот национален идентитет и бранител на народот, додека други политички актери кои најчесто ги споменува се ВМРО-ДПМНЕ, Силјановска-Давкова, Мицкоски, Груевски, СДСМ, Заев, коалицијата Вреди и Таравари.

На пример, во објава на 6 мај од интервју за албанската ТВ емисија „Опинион" Ахмети се користи со непоткрепени тврдења за корумпираност на политичките противници кои наводно сакале „да ја закопаат ДУИ", а со тоа и етничките Албанци, со кои развива штетни наративи за поткопување на довербата во институциите на државата – *Има пропаганда дека Албанците ни ја земаа државата (...) Затоа имало средба на Мицкоски со екпретседателот на СДСМ Заев за да ја закопаат ДУИ*, додека на новинарското прашање за предизборното коалицирање со партиите на помалите етнички заедници во земјата, како со турската, Ахмети одговара *(...) сите други заедници во Македонија заедно со Албанците сочинуваат 46 % од населението (... ) досега помалите заедници ги шетаа како марионети помеѓу СДСМ и ВМРО (...).*[2]

По изборниот резултат на парламентарните избори, во фејсбук-објава од 25 мај од интервју со новинарот Фуркан Салиу за медиумот ПорталХ, Али Ахмети исто така се користи со непоткрепени наоди за поткопување на довербата во институциите на државата, при што неговата клучна поента е дека Вреди нема легитимитет да го претставува албанскиот народ и не се почитува принципот на коалицирање победник со победник: *Вреди, ВМРО и СДСМ се договорија и направија изборен инженеринг (...) Гаши нема легитимитет на Албанците (...) со непочитување на легитимитетот, не го уривајте Охридскиот договор (...) војната во 2001 година се случи токму од непочитување на претходниот Устав и од мајоризацијата и од економски неправди (...) легитимитетот треба да го брани секој Албанец (...) Албанците што се во Влада го немаат легитимитетот, не знам зошто го прават ова затоа што ова ќе прерасне во национално движење (...) ова што се случи го направи антиалбанското движење.*

Покрај лидерот на партијата Ахмети, мониторингот во мај забележал пет штетни наративи кај заменик-претседателот на Владата Артан Груби и 10 штетни наративи на фејсбук-профилот на министерот за економија Крешник Бектеши.

Во текот на овој месец, политичката комуникација на Артан Груби е фокусирана на тенденцијата лично како политички експонент на ДУИ да ги убеди гласачите да излезат масовно на гласање бидејќи гласот

2 Оваа објава е споделена и на фејсбук-страницата на ДУИ и на фејсбук-страницата на Крешник Бектеши.

за Европскиот фронт е глас за европска иднина на земјата. Како и вообичаено, Груби и во мај продолжи со користење на пропагандистичкиот наратив, базиран на етноцентризам. Кога Груби ја оцрнува албанската опозиција, со тенденција да го прикажува Европскиот фронт како легитимниот победник на изборите, се користи со етнички аргументи иако коалицијата која ја формираа е мултиетничка: *Сите достигнувања ги направивме заедно бидејќи само обединети сме посилни. Денес во училиштата се учи за ОНА, првиот албански премиер, албанскиот јазик, националното знаме, првиот претседател Албанец на Парламентот, коридорот 8, универзитетите, административците, институциите, членството во НАТО и многу, многу големи достигнувања што ги постигнавме заедно во двете последни децении. Но, имаме уште работа до евроинтеграциите, да се обединиме околу оваа благородна цел и заедно да успееме. ГЛАСАЈ ☑️🗣️НЕ Русија, ДА Европа! 🤝 Еден премиер за сите 📈 Економски рамковен договор #ЕвропскиФронт 🇪🇺🤝🇺🇸 #заедно"* (фејсбук-објава на профилот на Артан Груби, 5 мај, 2024). Во оваа објава исто така се користи манипулативна видеосодржина која беше дел од кампањата на ДУИ, со која дополнително се врши пристрасна селекција на информации.

Исто така, Груби се фокусира на обвинувања кон опозицијата, односно коалицијата Вреди за сервилност и понизност кон малигни странски влијанија – *Ги поканувам сите гласачи на албанската опозиција и оние што останаа дома да не ја дозволуваат сервилноста, вазалството, понизноста, услугата што 5-ца им ја прават на Мицкоски, Гордана, Апасиев, ВМРО и Левица, а индиректно на Србија и Русија.* (фејсбук-објава на профилот на Артан Груби, 1 мај, 2024) Дел од пораките на Груби беа насочени кон убедување на јавноста дека ДУИ/Европскиот фронт е победник на изборите во албанскиот изборен блок и дека ним им припаѓа легитимитетот и правото за учество во власта: *Почитувани чесни гласачи на албанската опозиција, го злоупотребија твојот искрен глас и го претворија во глас за ВМРО-ДПМНЕ, глас за Гордана Силјановска.* (фејсбук-објава на профилот на Артан Груби, 6 мај, 2024).

Штетната комуникација на фејсбук-страницата на министерот за економија од ДУИ Крешник Бектеши главно користи пристрасна селекција на информации и се однесува на реакции и критики за одлуките за прегласување на парламентарните избори и обвинувања за изборен инженеринг: *Обид за мајоризација, дали се враќаме со децении назад како држава? ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ дали се подготвувате да тргувате со волјата на граѓаните во 5 ИЗБОРНА ЕДИНИЦА???!!! А бе луѓе ни ЕВРОПСКИ ФРОНТ ни ВЛЕН немаат гласови во овие избирачки места!!!* (фејсбук-објава на профилот на Бектеши, 13 мај, 2024) Како и кај останатите членови на ДУИ, кај Бектеши може да се забележи етноцентризмот во нападите на опозицијата. На пример, во објава од 29 мај, од фотографија од Африм Гаши во кабинетот на Собранието со заокружени знамиња на бирото, Бектеши потенцира: *Национална и законска обврска е да го поставите државното знаме 🇦🇱 на вашето биро! Трчајќи по позиции (без легитимитет) заборавааат што е постигнато и брането со крв.*

## Алијанса за Албанците, предводена од Зијадин Села

Крилото на Зијадин Села од Алијанса на Албанците кое премина во коалиција со Европски фронт на ДУИ, очигледно управува со фејсбук-страницата на Алијанса на Албанците и таму месецов идентификувани се три објави со штетни наративи. Нотираните штетни објави се поврзани со партиските предизборни активности на Европски фронт, а содржински се поклопуваат со реториката на ДУИ, претежно критички насочени кон партиите на опозицискиот блок на Албанците нарекувајќи ги „вазали" и „губитници", а претставувајќи се себеси како бранители на сопствениот национален идентитет и ориентирани кон ЕУ. Овој месец главно се забележуваат непоткрепени тврдења за корумпираност и етноцентризам, насочени кон ВМРО-ДПМНЕ и Вреди, со кои се поткопува довербата во институциите на државата, особено на граѓаните од албанската етничка заедница.

На пример, во објава на 1 мај на фејсбук-страницата на АА, од соопштение од средба со дијаспората во Австрија се вели дека *Дијаспората денес со печат ја потврди подготвеноста и не дозволува македонските националистички и опозициски партии да експериментираат против Албанците ( ..) е подготвена да направи сè што е потребно, како во 2001 година и денес, за да обезбеди мир и правда во нашата*

*земја.* Слично, во објава од 1 мај на фејсбук-страницата на АА, со видео од интервју на пратеничката од АА Илире Даути, може да се забележи штетниот наратив со напад кон ВМРО и Вреди: *Ако има Влада со губитничката страна (н.з. се мисли на Вреди) ги прави Албанците губитници, (...) нивното мото е дека Мицкоски ќе нѐ земе е многу понижувачко, по таа логика не треба избори, ќе одреди македонскиот избирач или претседателот на ВМРО кој ќе биде победник кај Албанците, нешто такво не може да се случи (...) Мицкоски и овие кои ги поддржуваат неговите политики ги гледаат Албанците само како малцинство внатре во ВМРО или внатре во владите сѐ со цел да ги доминираат Албанците.*

По изборните резултати, во преземена објава на 29 мај од прес-конференција на Европски фронт, може да се забележи познатиот наратив дека Вреди немаат легитимитет да ги претставуваат Албанците во Парламентот и со нивното „вазалство" придонесуваат за враќање две децении назад кога Албанците и другите помали етнички заедници во земјава биле „граѓани од втор ред" и најголемата македонска партија ќе одлучува за нив наместо самите тие да го имаат тоа право: *Европскиот фронт излезе втора сила (...) Овие резултати беа прекршени и продолжуваат да се кршат преку изборен инженеринг (...) поразените на изборите без легитимитет на сувереност ја игнорираа волјата на народот, Охридскиот договор, легитимитетот (...) граѓаните не прашуваат која е смислата на демократијата (...) ако мнозинската заедница определи кој ги претставува Албанците, Турците, Ромите и другите заедници? (...) за нив одлучува најголемата македонска партија? (...) ова вазалство нѐ враќа во времето пред повеќе од две децении кога заедниците беа дискриминирани, третирани како граѓани од втор ред (...).*[3]

Дел од крилото на Зијадин Села од Алијанса на Албанците е и министерот за правда Кренар Лога и на неговата фејсбук-страница месецов се идентификувани 10 објави со штетни наративи, кои се главно кратки статуси со манипулативни визуелни елементи, емотикони и хаштагови. Исто како и во наративите на ДУИ и АА, Кренар Лога ги промовира својата партија и коалицијата Европски фронт, а е критички настроен кон коалицијата Вреди која ја прикажува како вазална коалиција на ВМРО-ДПМНЕ. Во неговите објави, очигледна е критиката кон албанската опозиција, а доминира евроцентричниот наратив, односно патот на земјата кон ЕУ. Лога се користи штетни наративи кога се работи за настани, теми или прашања од предизборен карактер, односно во кои се оцрнува албанската опозиција, со тенденција да се прикажува како антиевропска проруска и блиска на ВМРО-ДПМНЕ. По изборите, се забележува истата реторика на ДУИ дека Вреди немаат легитимитет да ги претставуваат Албанците во Собранието.

На пример, во фејсбук-статус од 29 мај, Лога го коментира новото парламентарно мнозинство со поткопување на довербата во Собранието, предизвикување општествени поделби, страв и несигурност, предвидувајќи „деформации во кохезијата помеѓу заедниците и сериозни последици за Албанците, но и за иднината на државата во ЕУ: *Прекршувањето на волјата на мнозинството на албанското население во РСМ е исто толку штетно и опасно, како и прекршувањето на Договорот од Преспа или Преговарачката рамка со ЕУ. Ако се направи обид да се инсталира нормалноста на вазалството во однос на Албанците, тоа ќе произведе деформации кои можат да ја загрозат кохерентноста и кохезијата меѓу заедниците, но и државотворноста која со толку труд и пожртвуваност со децении е градена. #MaqedoniaeVeriut #poštenialbanci #vasal*

И кај Кренар Лога може да се забележи етноцентризмот особено во една објава на 6 мај со фотографии од обраќање на Зијадин Села на предизборен митинг на Европски фронт во Лабуништа во која пишува - *Во Лабуништа на Европскиот фронтεu Со најмоќната порака од кога било, умрело времето кога другите одлучуваа за Албанците, тие времиња се мртви заедно со Југославија и нејзините остатоци.*

3 Оваа прес-конференција е објавена и на каналите на ДУИ, на Ахмети и на Бектеши.

Дополнително, кај Кренар Лога идентификувани се и две објави со штетен наратив во врска со обраќањето на претседателката Гордана Силјановска-Давкова на нејзината инаугурација, каде ја критикува неа, но и ВМРО-ДПМНЕ, користејќи непоткрепени аргументи и пристрасно селектирање на информации со кои ја поткопува довербата во институцијата Претседател на државата, но и генерално во новата Влада која ќе биде предводена од ВМРО-ДПМНЕ: *Која е логиката да давате една заклетва во усна форма, а друга во писмена? Ова е невиден парадокс. Како може претседател на држава да дава заклетва различна од тоа што го потпишува? Ова значи дека сите тие работи што ќе ги кажувате усно, утре нема да ги почитувате бидејќи ќе потпишувате друго.* (Објава на фејсбук-страницата на Кренар Лога од Интервју за Слободен печат, 14 мај, 2024) или пак во следната слична објава кога вели: *Силјановска даде прв пенал во прва минута! Изјавата на Давкова за употреба на името Република Македонија според нејзино убедување е лош пример за државник и лош пример како професорка, со оглед дека цел живот предавала уставно право и седнува на функција за да докаже како треба да се почитува Уставот и државата.* (Објава на фејсбук-страницата на Кренар Лога од Интервју за Слободен печат, 14 мај, 2024)

## ВМРО-ДПМНЕ

Комуникациските практики на ВМРО-ДПМНЕ, слично како и во претходните месеци, и во мај се фокусираат на промовирање на сопствената партија како подобрата опција за граѓаните, додека нивните политички противници СДСМ и ДУИ се оцрнуваат како политички актери кои не работат за доброто на граѓаните, кои се криминални и коруптивни и не ги бранат државните интереси.

ВМРО-ДПМНЕ, како и во сите претходни месеци, и во мај е во првото трио партии со најголем број штетни наративи, но за разлика од март и од април кога беше на првото место со по 43 штетни објави во двата месеца, во мај со 16 објави бележи значително намалување на штетната реторика и **се најде на второто место** по бројот на штетни објави.

Денови со најмногу штетни наративи се 2 мај и 6 мај, кои се период на предизборни активности, како и 29 мај, ден по конституирањето на Собранието. Доминираат темите од внатрешна политика, во 5 од 16 објави, 4 се за здравството, 3 се за корупција, 3 за криминал и 1 за правосудство. ВМРО-ДПМНЕ објавувале за работењето на противниците од СДСМ (4 од 5), темите за здравство се за состојбите во Клиничкиот центар во Скопје (4 од 4), темите за криминал најчесто се обвинување за криминално поведение на противниците од СДСМ и обвинувања за функционерите на ДУИ дека незаконски се стекнале со богатство, а темите за корупција најчесто се обвинувања за корупција во наводна режија на политичките противници.

Во 2 од вкупно 16 објави својата партија/својот лидер се прикажани како бранители на правдата, а во 2 како бранители на народот. Најчесто споменуваните актери од страна на ВМРО-ДПМНЕ се сопствената партија ВМРО-ДПМНЕ во сите 16 објави, СДСМ и ДУИ заедно во 8 објави, СДСМ во 6 објави, а ДУИ во 5 објави. Продолжува практиката СДСМ да бидат именувани како „СДС“, не користејќи ја буквата „М“ од кратенката за Социјалдемократски сојуз на Македонија, за да се истакне дека сметаат дека СДСМ не е партија која работи за македонските интереси.

ВМРО-ДПМНЕ често ги користи актуелните случувања кои се од широк општествен интерес да бидат ставени во контекст на владеењето на СДСМ и ДУИ и тие да бидат искористени како критика за лошо управување со државните ресурси или пак за корупција, криминал и непочитување на владеењето на правото во целост во општеството. Такви се случаите со објавите од ВМРО-ДПМНЕ за скандалот со затворените операциони сали на хируршките клиники во Скопје, како и случајот со апсењето за поткуп на врховен судија, случај за кој имаше индиции дека е вклучен и еден јавен обвинител.

На интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ во предизборниот период на 6 мај објавен е исечок од интервју на лидерот на партијата Христијан Мицкоски со наслов „Мицкоски: Владее чувството и третманот на власта кон луѓе од прв и втор ред, бранот е голем, очекувам да стигнеме до или близу до 61 пратеник." Во објавата со негативен тон се споменува главниот политички противник, се претставува како корумпиран политички актер, дека *СДСМ треба својот пораз да го бара многу поназад не само во кампањава и овие неколку месеци, туку уште кога во услови на корона-криза направија епска злоупотреба на државните ресурси, институции пари.* Се напаѓа политичкиот противник, правејќи поделба на *ние - доброто и тие - лошото*, промовирајќи ја ВМРО-ДПМНЕ како политичка опција која ги застапува интересите на граѓаните, а притоа се изнесуваат наводи за криминално однесување, без да се наведат примери на случаи на злоупотреба и да се понудат соодветни факти за поткрепа на наводите.

Покрај СДСМ, во интервјуто од кое се објавени исечоци на интернет-страницата, пораки се упатени и кон ДУИ. Текстот од објавата од 6 мај е со наслов „Мицкоски: Командантите на Али кои во 2001-та немаа 5 пари во џеб, сега се милионери, така што не верувам дека ќе им се ризикува да прават дестабилизација кога ќе одат во опозиција". Функционерите на ДУИ се именувани како „командантите на Ахмети", за кои вели дека *немаа пет пари во 2001 сега се милионери со хациенди како блискоисточни шеици и многу тешко би им се жртвувало сето тоа. Но, дека ќе се обидат да прават какви било немири и дека ќе се обидат да го заштитат она коешто го имаат, како рече Али Ахмети во една прилика на локалните избори 21-та, воен плен. Така тој рече за Кичево и за Дебар, значи тоа е воен плен. Е сега, воениот плен е Соравија, Ролс ројсот на сватовите, становите, дуќаните во центарот на градот и така натаму. Тупаниците што ги делат нивни разбојници по институции како Контрола на летање, ќе се обидат да го заштитат.* Додека ДУИ е претставена како криминална структура, ВМРО-ДПМНЕ е претставена како заштитник на државата и на граѓаните затоа што, како што вели Мицкоски, тие се подготвени и имаат план да го заштитат системот, државата и институциите. Преку користење на популистички дискурс, се промовира партијата дека ќе пружи заштита затоа што е подготвена и има план, се промовира сопствената политичка опција како подобра, наместо другите политички противници кои се оцрнуваат.

По конституирањето на Собранието и официјализирањето на соработката на ВМРО-ДПМНЕ со Вреди како албански партнер во Владата и Собранието, имаше реакции од ДУИ на кои ВМРО-ДПМНЕ одговори. Реакцијата објавена на 29 мај на интернет-страницата на партијата е со наслов „Немаше ниту мајоризација ниту шовинизам ниту е важно што Ахмети имал чувство на навреденост, важно е што волјата на мнозинството е ДУИ да оди во опозиција и се соочи со одговорност."

Во реакцијата се истакнува дека наводите на ДУИ дека со тоа што не се дел од владината коалиција се крши Охридскиот рамковен договор не се точни и дека и Али Ахмети го прекршил кога решил да ја изостави ВМРО-ДПМНЕ од Владата и не го почитувал резултатот на изборите во 2016-та година кога победиле ВМРО-ДПМНЕ. Притоа директно се напаѓа лидерот на ДУИ Ахмети дека *треба да престане да се однесува како палаво дете кое плаче по играчката која не е негова, затоа што ВМРО-ДПМНЕ не е СДС, ниту пак одењето на ДУИ има некаква врска со односот на ВМРО-ДПМНЕ кон Албанците.* Додека пак за ДУИ се вели дека ДУИ не се само *Албанците во Македонија, ДУИ е сегментот кој ги крадеше Албанците исто како и Македонците*. Дополнително се таргетира лидерот на ДУИ Али Ахмети ако мисли дека *нови и антидржавни етнички барања преточени во документи и платформи ќе го спаси од одење во опозиција и ќе ги сокрие криминалите на неговата партија, треба да знае само дека тоа забрзано ќе му ја заврши кариерата.*

Со реториката на штетни наративи со која директно се напаѓа политичкиот противник, исмевање, претставување како криминална структура, се врши поттикнување на поделби на *ние - доброто и тие - лошото*, при што сопствената политичка партија се претставува како подобрата опција за граѓаните со цел да се добие нивната доверба.

Кај лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски мониторингот нотира една објава која содржи штетен наратив.[4] Се работи за [објава на неговата фејсбук-страница од 6 мај] 2024, пред почетокот на изборниот молк за вториот круг на претседателските избори и за парламентарните избори. Во пораката насловена како „ПОРАКА ДО СЕКОЈ ЕДЕН ГРАЃАНИН НА МАКЕДОНИЈА" тој ја промовира политичката понуда на ВМРО-ДПМНЕ, а ги критикува политичките противници. Сопствената партија ја прикажува како подобра опција за граѓаните, која ги застапува интересите на народот, за разлика од противниците. Притоа вели дека граѓаните ги знаат владејачките партии и дека *за жал сите живеевме во реалноста на нивната неспособност и алчност. Додека за ВМРО-ДПМНЕ вели дека се обврзуваме и даваме збор дека нема да ве изневериме. Патот ќе биде тежок, но нема пречка што заедно нема да можеме да ја надминеме.* Се користи популистички наратив со кој се промовира сопствената политичка опција, а се поттикнува поделба на *ние - доброто наспроти тие - лошото* за политичките противници: *сега, додека стоиме на прагот на новото поглавје во приказната на нашата нација, да го искористиме овој момент со храброст и одлучност, и со гордо крената глава да ги победиме заедно!* Во текстот не се презентираат конкретни мерки и чекори, туку се користат општи политички флоскули со ветување за подобар живот со ВМРО-ДПМНЕ и критика на политичкиот противник, популистичка реторика којашто беше значително користена од политичките актери низ целиот изборен процес.

## Коалиција Вреди (Влен)

Во мај, на комуникациските канали на коалицијата Вреди мониторингот нотира само една штетна објава на фејсбук-страницата на партијата Алтернатива и три објави со штетни наративи на фејсбук-страницата на лидерот на Алтернатива Африм Гаши, како и две на фејсбук-страницата на кандидатот за претседател на коалицијата Арбен Таравари и четири објави со штетни наративи од фејсбук-профилот на лидерот на Демократско движење, Изет Меџити. За споредба, во април се идентификувани три објави со штетни наративи кај Алтернатива и шест кај лидерот Гаши, една објава кај Таравари, една штетна објава кај Демократско движење и десет кај лидерот Меџити. Оттука може да се заклучи дека има одредено намалување на штетните наративи и воопшто во бројот на објави на интернет- и на фејсбук-страниците на партиите во оваа коалиција, додека штетните објави се наоѓаат најчесто на профилите на лидерите Меџити, Гаши и Таравари.

Како и во претходниот период од предизборната кампања, наративот на коалицијата Вреди е усогласен и координиран, а се движи на линија на промовирање на својата коалиција за сметка на остри критики кон владејачките структури, особено кон ДУИ. Конкретно, главната етноцентрична порака е дека *Албанското мнозинство на овие избори го претставува коалицијата Вреди, а не од мултиетничката коалиција Европски фронт* ([Објава на фејсбук-страницата на Изет Меџити, 2 мај]). Оттаму е и преименувањето на политичкиот ривал Европски фронт во „Мултиетнички фронт". Претставувајќи се себеси како бранители на народот и правдата, гласноговорниците на коалицијата Вреди претежно се служат со непоткрепени обвинувања и етикетирања кон ДУИ за коруптивно дејствување. Но, овој месец комуницираат и за предизборни притисоци и поткуп, развивајќи етноцентричен популистички наратив за мобилизација на гласачкото тело со кој се промовира сопствената коалиција. Притоа, се напаѓа ДУИ и се демонизира нивниот лидер Ахмети. Обвинувањата и етикетирањето претежно се без да дадат прецизни, веродостојни извори, односно како единствен извор главно се јавува самиот политички актер.

На пример, дури и во објава на 30 мај на фејсбук-страницата на Изет Меџити, како најистакнат гласноговорник на коалицијата Вреди, и во постизборниот период го развива клучниот наратив на Вреди – *Во меѓувреме, Албанците со „Европскиот фронт" стануваат рамноправни со најмалите заедници во земјата.*

4 Ова е ист број со април кога е нотирана една штетна објава, додека во март не се нотирани штетни наративи во објавите кај лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски.

*Како резултат на тоа, „Европскиот фронт" ја одржува линијата на поделба, имено линијата на дискриминација, оставајќи ги Македонците како прв - доминантен народ, додека Албанците ги групира со други етнички групи во вториот ранг, имено како маргинализиран народ или група. Трето, токму Али Ахмети и „Европскиот фронт" ја релативизираа тежината на албанскиот гласач и го актуализираа прашањето зошто политичката организација на Албанците треба да постои како политички концепт во Северна Македонија?! Ако Албанците во Северна Македонија треба да се организираат политички во блок помали заедници каде што припаѓаат Турците, Бошњаците и другите, тогаш Али Ахмети свесно го врати мнозинството Албанци и нивното враќање на ниво на малцински народи.*

Исто така, особено по гласањето на парламентарните избори, од Вреди се истакнуваат обвинувањата за уцени, страв, закани и притисоци кон граѓаните/гласачите без да се дадат конкретни примери и факти. На пример, во соопштение од 30 мај на фејсбук-страницата на Алтернатива се вели: *Институциите како ДИК и Управниот суд утврдија дека на 8 мај ДУИ и Мултиетничкиот фронт со закани и насилство се обиделе уште еднаш да ја нарушат волјата на граѓаните. Затоа одлучија на 22 мај да се гласа во село Љерца. Но, машинеријата на Мултиетничкиот фронт повторно се обиде да изврши притисок и закани врз жителите и нарачателите, носејќи ги на гласачкото место министрите и полицајците од ДУИ како набљудувачи за да ги заплашат жителите да излезат на гласање. Оваа сцена повеќе личеше на опсада отколку на обичен ден на прегласување. Но, криминалните дејствија на ДУИ синоќа ги отфрли и самиот Управен суд, кој немаше ниту минимална забелешка за целиот процес на прегласување. Лерца ја разоткри антидемократската и антиевропската политика на ДУИ и на нејзините партнери кои 20 последователни години краделе мандати користејќи ја својата моќ за да крадат гласови и да им се закануваат на Албанците во нивните домови (...) На комунистичката политика - дојде крајот.*

Овој наратив за нарушување на демократскиот изборен процес е развиван дури и пред изборите. На пример, во објава од 1 мај на фејсбук-страницата на Африм Гаши може да се забележи пристрасно селектирање информации и поткопување на довербата во институциите со обвинувања дека ДУИ координира стратегија за заплашување на гласачите: *Два дена сме по јавна изјава на претседателот на ВМРО, при што истакна дека постојат факти дека се присутни вооружени групи во различни населени места во нашата држава и за такво нешто ги обвини ДУИ и Али Ахмети. Сè уште нема одговор од органите. Напротив, ова нè наведува да претпоставиме дека целата ситуација е координиран напор да се влее страв кај гласачите, создавајќи дискурс дека може да дојде до конфликт на денот на изборите. Промената е прашање на денови и нема тактика што ќе ја спречи.*

На фејсбук-страницата на Арбен Таравари, поранешен лидер на Алијанса на Албанците и претседателски кандидат на коалицијата Вреди се нотирани две објави со штетни наративи на тема избори, кои сепак не се однесуваат на негова лична комуникација, туку се видеообјави од прес-конференции на Вреди – една по повод прегласувањето во Ларце – Желино и една од Изет Меџити од Скопје. На двете прес-конференции може да се забележат непоткрепени тврдења со кои се поткопува довербата во институциите преку критиките упатени кон ДУИ. Така, на прес-конференцијата на 6 мај Изет Меџити вели: *(...) тие (ДУИ) ги прават последните претања, последните притисоци, продолжуваат со поткуп на гласови, со притисоци кон администрацијата, кон тие што се на договор на дело, кон бизнисот (...)*, додека на прес-конференцијата на Вреди по изборите, на 22 мај, со фокус на прегласувањето во Ларце – Желино повторно се критикува ДУИ и се поткопува довербата во институциите од власта кои имаат одговорност да спроведат фер и демократски избори во земјата: *(...) Коалицијата на зулумот (злото или правењето лошо) има само 48 гласа (...) и во 2016 кога се натпреваруваме како Беса до 21 часот и 30 мин. ние водевме 8 спрема 7, но после со кражбите на ДУИ, кога се разбудивме ни украдоа 3 пратеници (..) и во другите изборни циклуси тие крадеа по три или минимум по два мандата, овој пат немаа среќа (...) во селото дефилираа инспектори и полиција и се обраќаа на селаните на провокативен начин, овој е делот кога фронтот на злото тероризирал со механизмите на власта, со полиција, со тајни служби, (...) со уцени, закани (...) успеавме да избегнеме инцидент од еден човек кој беше испратен да купува гласови и да го оствари нивно сценарио (...).*

## Левица

Реториката на политичката партија Левица во мај продолжи да биде интензивна и насочена кон политичките противници како примарна публика, со што овој последен месец изби на првото место според бројот на штетни објави споредено со останатите политички актери (вкупно 25 објави). Секундарната публика на Левица е пошироката јавност кон која се обраќа со цел да се покаже дека Левица е бранител на интересите на граѓаните во споредба со другите политички актери.

Левица се претставува како политичка партија која ги штити националните државни интереси и нема да дозволи промена на Уставот и туѓи влијанија. Во предизборниот период се забележуваат изјави на првите луѓе на партијата кои се и носители на кандидатските листи на изборите, но исто така се забележува дека Левица продолжува со интензивна и остра комуникација и по завршувањето на изборниот процес. Обраќања и објави од партијата и од нејзините први луѓе има и на денот на конституирање на Собранието, кога партијата има објавено клучни пораки од обраќањата на конститутивната седница на лидерот Димитар Апасиев и пратеници од Левица во Собранието.

Комуникацијата на Левица има две главни теми. Едната е #НеподмитливитеВоСобранието, која е и главна порака, и хаштаг на кампањата за парламентарните избори со која Левица се промовира како вистински застапник на интересите на граѓаните и во цврста борба против корупцијата. Втората тема е за одбрана на државата и честопати во пораките на главните луѓе на партијата се вели дека тие се против „косовска“ и „бугарска“ платформа, а се залагаат само за „македонска“. Во објавите на Левица може да се сретнат содржини за претседателските и за парламентарните избори, изборниот резултат на Левица, формирањето влада, борбата против корупцијата, уставните промени за внесување на Бугарите во Уставот, работничките права и квалитетот на живот на граѓаните.

На фејсбук-профилот на Димитар Апасиев се нотирани 44 објави од кои 16 со штетен наратив, со што останува да биде на врвот на листата од лидерите на политичките партии во однос на бројноста на штетни наративи. Кај политичката партија Левица се нотирани 57 објави, од кои 25 со штетен наратив. Лидерот на Левица Апасиев во своите објави најчесто ги споменува Левица, себеси, а штетните наративи се насочени кон ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, Христијан Мицкоски, Вреди, ДУИ, Бојан Маричиќ, Димитар Ковачевски и Тимчо Муцунски.

Во комуникацијата кон јавноста, Левица продолжува со етикетирање на своите политички противници. СДСМ гиословува со „СДС“, „СДС на Нашата земја“, како и широката коалиција „ДПМНЕ-СДС-ДУИ“, „квислинзи“, „транзициски клептомани“. На комуникациските канали на Левица и на лидерот Димитар Апасиев има значителен број објави кои содржат навреди и етикетирања, како кон досегашната владејачка партија СДСМ и нејзиниот лидер кој најчесто е нарекуван „Таче“, „СДС“, „Змијата“, вицепремиерот Бојан Маричиќ „дебелогазец“. Вреди, исто како и ДУИ, ги етикетираат како „необалисти“, ВМРО-ДПМНЕ како „лажни патриоти“, „ДПМНЕ“, „неоврховисти од ДПМНЕ“, „недокваканi вмроиди“, „гниди вмроидни“, „вмроиди“, Христијан Мицкоски како „војвода“, „Мицика“, градоначалникот на Аеродром Тимчо Муцунски како „најнеспособниот градоначалник“. По најавите за формирање на коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и Вреди се јавуваат и штетни наративи за „тиранска“ и „косовска“ платформа.

Користењето хаштази продолжува во комуникацијата на Левица, со тоа што во мај тие се креирани во поддршка на изборната кампања: *#НеподмитливитеВоСобранието, #Заокружи5, #НемаВладаБезЛевица, #ПарламентарниИзбори2024.*

Продолжува и комуникациската практика на лидерот на Левица, Димитар Апасиев да објавува кратки текстови со клучна поента кои покрај текст и фотографија, завршуваат со хаштаг, кој содржи една или повеќе кратки и ефективни пораки, како и именувања. Во нив најчесто се содржат навреди и критики кон политичките опоненти, коментари за тековни настани а доминира популистичкиот дискурс. Во објава од 14 мај им се обраќа на поголемите партии:

*Поише млади Турци и Бошњаци влегоа во парламент преку пратеничките листи на Левица, отколку преку било која листа на етнотрибалистичките партии во Македонија.*

*Ај па на следни избори да влезат и повеќе класно освестени млади Албанци, Роми, Срби, Власи... - па да видите на дело шо е БРАТСТВО ЕДИНСТВО, јебео ве „соживот» да вас јебе!*
*#СоцијализамИлиВарварство*
*#КласнаБорба*

Сличен пример е објавата од 9 мај по завршувањето на парламентарните избори со која го таргетира вицепремиерот за европски интеграции Бојан Маричиќ:

*Дебелогазецот МАРИЧИЌ не ни стана пратеник, а бил 4-ти на листата во Кецот!?* 🤭

*Левица и официјално стана втора партија во Аеродром и Кисела Вода, а му дише во врат на СДС во нивните довчерашни бастиони - Карпош и Центар.*

*Пророштвото за ПАСОКИЗАЦИЈА почна да се остварува.*
*p.s. Од вчера СДС на „Нашата Земја" стана СДС под „Нашата Земја".*
*#Пасокизација*
*#ЦрвеноСкопје*
*#АсномскитеИдеали*

Претставувањето на партијата како заштитник на македонските национални интереси е застапено и во објавата на Апасиев од 17 мај откако е објавено дека ВМРО-ДПМНЕ ќе прават коалиција за влада со партиите од албанската опозиција кои се здружени во коалицијата Вреди. Објавата содржи фотографија од лидерите на Вреди со снимка од екранот од медиумски напис за комбинаториките за идната власт и текст:

*Ти му викаш Македонска платформа, он ти вика: „Не фала. Ние со ТИРАНСКА ПЛАТФОРМА ќе тераме"*
*p.s. Терајте!*
*#Вмроид*

Текстот е насочен кон ВМРО-ДПМНЕ, а е придружен со хаштаг #Вмроид, термин кој се користи во пејоративен контекст за членовите и поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ.

Двете главни теми на Левица за борбата против корупцијата и одбраната на националните интереси се третирани во скоро сите објави во предизборниот период, односно пред гласањето за парламентарните избори на 8 мај. По одржувањето на изборите, подоминантна е темата за одбрана на националните интереси и туѓите влијанија.

Во објава од предизборна активност во Битола, на 2 мај „Апасиев од Битола: На овие избори ќе победи македонската платформа". Во оваа објава, Левица е претставена како спасител, како бранител на македонските национални интереси, за разлика од нивните политички противници: *На овие избори, македонскиот народ ќе стави крај на диктатите и поразите од режимот на СДС и ДУИ и повторно ќе ја возобнови Републиката! Исто, дека Битола порача дека на овие избори народот треба да избере помеѓу трите платформи: софиската, тиранската и МАКЕДОНСКАТА платформа!* При што Левица се смета како застапник на „македонската платформа", за разлика од другите политички партии, а со тоа се изразуваат и наводи за постоење на странско влијание и наметнување на туѓи агенди кои не се во корист на македонското општество.

Во пресрет на парламентарните избори на 8 мај објавени се обраќања на лидерот на Левица Димитар Апасиев во кои се поттикнуваат граѓаните да излезат и да гласаат за Левица, при што партијата се промовира како најдобрата опција за „обичниот“ граѓанин. Иако е вообичаено на денот пред изборниот молк политичките актери да објавуваат пораки со кои ќе ги мотивираат граѓаните да им ја дадат довербата, во некои од содржините на Левица се нотирани штетни наративи.

Една од нив е објавата од собирот во Скопје на 6 мај со наслов „Апасиев од Скопје: Ако сакате војна, ќе добиете – ама ова ќе биде класна војна на сиромашните против олигарсите“. Во објавата се користи популистички дискурс истакнувајќи дека Левица е вистинската опозиција, додека *Оставете ги овие балони што се дуваат, овие максовци кои ќе испарат за година-година и пол. Ние на овие избори очекуваме да влеземе со пратеничка група, а нашиот народ знае дека треба да го даде гласот за Левица!*, а објавата е придружена со хаштагови #НеподмитливитеВоСобранието и #Заокружи5. Се поттикнуваат емоциите на граѓаните да се промовира Левица како партијата која е на страната на обичните граѓани, на сиромашните, без притоа да се дадат аргументирани мерки и предлози. Притоа се врши и директен напад на другите опозициски партии како *оставете ги овие максовци*, алудирајќи на партијата ЗНАМ формирана од Максим Димитриевски, а Левица се претставува како вистинска опозициска партија.

Популизмот, навредите кон противникот, наводите за корупција и криминал и поттикнувањето на поделби на *ние - доброто наспроти тие - лошото* наведувајќи дека владејачката партија не работи за интересите на државата и граѓаните е присутен и во повикот за масовна излезност од 6 мај. Во текстот се вели дека *затвораме ера на едно предавничко, криминално и коруптивно владеење на СДС и ДУИ - чии резултати се бројат во изгубени години, животи и обезличување на Македонија. Го сменија името, капитулираа пред сите соседи, а во меѓувреме ненаситно си ги наполнија џебовите.* Граѓаните се повикуваат масовно да излезат и да го *зададат последниот удар на истрошената досегашна владејачка клика!* Во објавата се врши директен напад на СДСМ со навреди и етикетирање како *транзициските клептомани на СДС на „Нашата Земја“* и дека левицата треба да се ослободи од нив, да се врати на *асномските идеали и на поривот за слобода од канџите на профитот и националните предавства, на поривот за борба против олигархијата и на поривот да си ја вратиме Републиката во рацете на обичните луѓе*, како и дека ќе ги победат „квислинзите“. Објавата завршува со хаштаговите #НеподмитливитеВоСобранието и #Заокружи5.

Со ваквиот наратив политичарите се претставуваат дека се обични луѓе како и сите граѓани, дека се едни од нив и сочувствуваат со нивните маки и затоа се правилниот избор кој граѓаните треба да го направат, затоа што политичкиот актер знае како да се грижи за обичните граѓани и да испорача добри резултати за нив.

Критичкиот дискурс којшто содржи штетни наративи со наводи за странско влијание, работење за туѓи интереси и незаштитување на македонските национални интереси се забележува и при конституирањето на Собранието на Република Северна Македонија, при што веќе се официјализира соработката на ВМРО-ДПМНЕ и Вреди за владејачко мнозинство, а Африм Гаши, лидерот на Алтернатива и дел од Влен, е избран за претседател на Собранието. За време на конститутивната седница, свои обраќања имаа пратениците на Левица кај кои се нотирани и пораки со штетни наративи, со етикетирање на политичките противници, ширење страв и паника, наводи за странски влијанија, како и претставување на Левица како политичка партија која за разлика од другите политички ентитети ги брани националните интереси.

Во обраќањето на пратеничката Јована Мојсоска, објавено со наслов од Левица како „МОЈСОСКА: ДПМНЕ ЈА МЕНУВА ТИРАНСКАТА ЗА КОСОВСКА ПЛАТФОРМА“ се критикува ВМРО-ДПМНЕ дека е партија *која се нарекува дека е последниот бастион во одбрана на македонизмот со 61 пратеник*, ја дала функцијата претседател на Собранието, која е втората најважна функција на државата на *партија која до пред 1 година беше дел од криминалниот режим на Заев*. Притоа ВМРО-ДПМНЕ се критикува дека нема капацитет да ги спречи сите „антимакедонски процеси од 2001“ и *сето она што го доби ДУИ во претходниот мандат, сега само ќе биде надградено со една Косовска платформа, која ја претставува коалицијата на Вреди, како и дека само е заменета Тиранската платформа со Косовска.*

На слична линија е и обраќањето на пратеникот Сашо Јанчев чие обраќање е објавено од Левица со наслов „ЈАНЧЕВ: ВО РЕЖИЈА НА ДПМНЕ, МАКЕДОНИЈА СЕ РАЗГРАДУВА ТУЛА ПО ТУЛА“. Во обраќањето Јанчев ги напаѓа ВМРО-ДПМНЕ дека не ги бранат националните интереси и дека *предлогот на ДПМНЕ за спикерското столче да му се додели на Африм Гаши е само продолжена рака на странските платформи кои заговараат деградирање на државата*. Исто така, дека во *режија на ДПМНЕ добивме претседател на Собрание којшто доаѓа од предизборна коалиција која се претставува како гарант за предавнички уставни измени, бирање на претседател на држава со Бадентерово мнозинство и отворено заговара бинационална држава и целосна двојазичност.*

Притоа, сопствената партија се претставува како бранител на националниот идентитет, се потхрануваат емоциите на обичните граѓани дека државата „се разградува“, дека „Тиранската платформа“ се заменува со „Косовска“, дека Македонците ја губат контролата над сопствената држава, а со тоа се шири и паника, страв и несигурност кај населението дека државата ќе биде во служба на туѓи интереси.

Јавната комуникација од страна на политичките актери е потребно да биде со целосно приложување на фактите, со образложување на нивните ставови со аргументи, а критиката кон политичките опоненти да биде издржана, без навреди и етикетирање. Популизмот е корисна алатка за политичките партии затоа што е применлив во широк спектар на области и за неговата примена доволно е да се провоцираат емоциите на граѓаните, да се даваат ветувања кои не се образложени како ќе се реализираат, како и начинот на кој ќе се измери нивниот успех.

## 1.2. Мониторинг на официјалните канали за комуникација на владините претставници

Во мај продолжи изборната кампања, а со тоа продолжи и честата злоупотреба на официјалните фејсбук-страници на премиерот и министрите во Владата, кои истовремено беа и кандидати на парламентарните избори, за партиска комуникација и лична промоција. Покрај штетните наративи идентификувани кај министрите од ДУИ Артан Груби и Крешник Бектеши, министерот од АА Кренар Лога, министрите од СДСМ Бисера К. Стојчевска и Љупчо Николовски, можат да се забележат многу други објави со партиска предизборна содржина, која главно се фокусира на популистички наративи за промоција на својата партија, истовремено критикувајќи ги политичките опоненти.

Но, и на фејсбук-страниците на други претставници од Владата може да се забележат злоупотреби за промоција на нивните партиски активности во рамки на предизборната кампања, но и партиска комуникација по изборните резултати.

Почнувајќи од премиерот на преодната Влада Талат Џафери, на неговата официјална фејсбук-страница месецов се забележуваат објави со партиска комуникација од изборната кампања, како средби со граѓани и пораки и аудиовизуелни содржини од предизборни митинзи.

Повторно како и минатите месеци, кај министерот за надворешни работи Бујар Османи до изборите на 8 мај може да се забележат објави за неговата кандидатура за претседател и промоција на својата партија ДУИ и коалицијата Европски фронт. Сите предизборни комуникации и понатаму се објавуваат на официјалниот фејсбук-профил на министерот со заокружената 4-ка (бројот на Османи на гласачкото ливче за претседателските избори) и изборниот плакат. По изборите фокусот на неговата партиска комуникација е во креирање одредена паника околу опасностите од невклучувањето на ДУИ во новата Влада, како и неопходноста од почитување на Охридскиот рамковен договор и забрзување на евроинтегративниот процес на Северна Македонија како споделен стратегиски интерес и гаранција за стабилноста. Сепак, по изборите може да се забележи дека министерот Османи се враќа и на официјалните дипломатски активности со објави од средби со амбасадори.

Од претставниците во Владата од СДСМ исто може да се забележи партиска пропаганда на нивните официјални владини фејсбук-страници. Кај бившиот премиер и лидер на партијата Димитар Ковачевски има пасивност во јавната комуникација по изборите сѐ до оставката и конституирањето на новиот Парламент каде е пратеник. Кај министерот Николовски и министерката Костадиновска Стојчевска нотирани се популистичките партиски наративи со кои главно се оцрнува ВМРО-ДПМНЕ и нивното претходно владеење со државата, во пакет со промоција на сопствената партија.

Дополнително, министерката за одбрана Славјанка Петровска исто така го користеше својот официјален фејсбук-профил за партиска комуникација, а во една објава од 6 мај има комбинација од објава за посета на религиозен настан кој се искористува за испраќање партиска порака за завршување на изборната кампања: *Одлично организиран хепенинг во Гостивар по повод најголемиот христијански празник Велигден. Со овој убав настан означивме и крај на кампањата за пратеници и претседател во изборна единица 6 (...) Ги повикувам сите граѓани со право на глас во среда да го искористат своето право и да гласаат за СДСМ и коалицијата и за нашиот претседател Стево Пендаровски.*

Оттука може да се заклучи дека при крајот на предизборните кампањи повеќето министри го прекршувале Етичкиот кодекс на владини претставници за јавно комуницирање и го злоупотребувале својот министерски профил за објавување партиска пропаганда, наместо да го користат само за активности поврзани со нивната работа во министерството со кое раководат.

## РЕЗИМЕ

Мониторингот за мај 2024 покажа дека има намалување на штетните наративи кои ги користеле политичките актери. Намалувањето се должи на фактот што на 8 мај се одржа вториот круг од претседателските избори, како и парламентарните избори, така што мониторингот опфаќа период на предизборие, одржување на изборите и претставување на изборните резултати и конституирање на Собранието на 28 мај, кога се измени парламентарнииот состав. По завршувањето на изборниот процес на 8 мај, се забележува дека голем дел од политичките актери намалија со обемот на објави, имаше поретко обраќања, интервјуа и реакции. Реториката од меѓусебни напади повеќе се фокусираше на формирањето на новата Влада.

За разлика од претходните месеци кога ВМРО-ДПМНЕ беше постојано партија со најмногу штетни наративи, **овој месец првото место го презема Левица** со убедливо најмногу (25) штетни наративи, што е сепак благо намалување во однос на претходниот период (во март 27 и во април 38 објави со штетни наративи). **ВМРО-ДПМНЕ падна на второто место со 16 објави** со штетни наративи (март и април по 43 штетни објави, соодветно), а првпат од почетокот на мониторингот, односно во месеците од септември 2023 година наваму, **СДСМ во мај не се најде меѓу првите три партии** со најмногу штетни наративи. Оваа партија со пет објави со штетни наративи (по 29 во март и во април, соодветно) **сега го зазеде четвртото место и го отстапи третото место на ДУИ**, кај која беа утврдени шест објави со штетни наративи (во март 9 и во април 14 штетни објави).

Кога станува збор за видовите штетни наративи, политичките актери во мај, како и во претходниот период, најчесто **пристрасно селектирале информации (83 случаи)**, со што можеле да ја доведат јавноста до погрешни заклучоци. Потоа ја **поткопувале довербата во институциите (76 случаи)** преку изнесување непоткрепени тврдења за корумпираност и злоупотреба на службената должност и **грубо ги напаѓале и ги демонизирале политичките противници (33 случаи)**.

Заклучок од анализата на комуникациските практики на политичките актери во Македонија овој месец е дека политичката комуникација во земјава е на ниско ниво, што беше карактеристика и за претходните месеци од мониторингот. Кај речиси сите политички актери се забележува значителна употреба на популистички дискурс и на национализам. Во предизборните обраќања, изјави и коментари се ветуваа

подобар живот за граѓаните и унапредување на условите за живот, а притоа честопати не се наведуваше кои точно мерки и чекори ќе бидат преземени, туку се нудеа општи флоскули и политички ветувања за подобра иднина.

Националистичката реторика и етноцентризмот може да бидат корисни алатки за мобилизација на гласачкото тело, особено во мултиетничко општество како македонското кое има историја на фрагилни меѓуетнички односи. Националистичката реторика лесно поттикнува силни емоции за чувството на припадност и идентитет, како и поривот за одбрана на сопствената држава, посебно кога на граѓаните им се сервира реторика дека опстанокот на државата е во прашање, дека странски агенди сакаат да се наметнат, а дека иднината на државата е во рацете на граѓаните. Ваквиот пристап во политичката комуникација во македонското општество е позната и применувана, а мониторингот ја нотира кај ВМРО-ДПМНЕ, Левица, ДУИ и Вреди.

СДСМ продолжи со истата клучна порака дека тие нудат европска иднина и подобар животен стандард за сите граѓани на државата, додека ВМРО-ДПМНЕ е истата партија која владееше со земјата до 2016 година и би донела само режим, недомаќинско трошење на парите на граѓаните и скршнување од европскиот пат. Кај ДУИ и нивната предизборна коалиција Европски фронт, во која учествува и Алијанса на Албанците предводена од Зијадин Села, и понатаму се забележуваат истите предизборни реторики со клучната порака „Да за Европа, Не за Русија" со обвинувања кон Вреди за вазалство кон ВМРО-ДПМНЕ и руско и српско влијание. По изборите фокусот се префрлува кон поткопување на довербата во ДИК, со критики за изборните резултати и одлуките за прегласување, но и напади кон формирањето на коалицијата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и Вреди, најавувајќи криза во општеството, потенцирајќи дека Вреди не е легитимен претставник на Албанците во државата. ВМРО-ДПМНЕ ја финишираше својата изборна кампања со главно таргетирање на СДСМ како корумпирана и неспособна власт која треба да си замине. Но, во изборната кампања, а посебно во текот на месец мај, се забележа поостра реторика кон ДУИ, кои во овој изборен циклус покрај СДСМ беа главната цел на ВМРО-ДПМНЕ за напади и за обвинување за корупција и криминал. Штетните наративи на ВМРО-ДПМНЕ беа насочени како кон партијата ДУИ така и кон лидерот Али Ахмети. Левица продолжи со остра реторика кон владејачките партии СДСМ и ДУИ, како и кон главната македонска опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ. По завршувањето на изборите откако веќе беше познато дека ВМРО-ДПМНЕ ќе коалицира со албанската опозиција Вреди, се нотира дека се засилува националистичката и етноцентристичка реторика, со оцрнување на ВМРО-ДПМНЕ, како и на албанските партии, со ширење паника, страв и несигурност дека се врши разнебитување на државата со наводи дека е во опасност од управување од странски агенди. Коалицијата Вреди, иако со намален број јавни комуникации и објави со штетни наративи, продолжи со напади кон власта и ДУИ со главната етноцентрична порака дека тие се легитимните претставници на етничките Албанци во земјата наместо мултиетничкиот Европски фронт на Али Ахмети. Затоа, гласноговорниците од Вреди главно користеа непоткрепени обвинувања и етикетирања кон ДУИ за коруптивно дејствување, но овој месец и за предизборни притисоци и поткуп, развивајќи етноцентричен популистички наратив со кој се промовира сопствената коалиција, а се напаѓа ДУИ и се демонизира нивниот лидер Ахмети.

Критиката и меѓусебните напади помеѓу политичките актери се очекувани и присутни во секое демократско општество, посебно кога станува збор за изборните процеси. Сепак, наративи кои содржат напади на личноста со неосновани критики придонесуваат за поларизирање на јавната дебата и поттикнуваат поделби во општеството, како и охрабрување на ниската култура на јавна комуникација. Политичките актери во својата комуникација кон јавноста е потребно да го почитуваат Начелото на комуникација базирана на докази затоа што манипулативниот говор, кој ги вклучува дезинформациите, неточните информации и злонамерните информации, може сериозно да влијае врз демократските процеси и во изборите, преку создавање и ширење лаги, напад врз личности, што може да резултира со намалување на довербата во изборниот процес и во институциите.

Аргументирана и остра критика кон политичките противници во предизборен период е очекувана. Но, продуцирањето и дистрибуцијата на штетни наративи во јавниот простор може да придонесе кон нормализирање на лошите комуникациски практики и прекршување на стандардите и начелата за етичка и професионална комуникација. Дискурсот во кој се содржи национализам, етноцентризам, ширење страв, паника и несигурност кај населението од страна на политичките актери може да придонесе за поттикнување на уште поголеми поделби на етничка и на политичка основа, дополнително ако оваа реторика се разгледа и во контекст на историјата на фрагилни меѓуетнички односи во Македонија и компромисите кои се направени за долгорочна стабилизација на државата. Користењето термини како „транзициски клептомани", „дебелогазец", „недоквакани вмроиди", „гниди вмроидни", „вмроиди", „необалисти", „квислинзи", „неспособен", „плаче како мало дете", „вазали" од страна на политичките актери во јавниот дискурс поттикнува нормализирање на примената на навредлив речник на јавната сцена и во јавната комуникација. Кога навредливиот речник не се осудува, не се ограничува неговата употреба, тогаш по подолг период тој може да се прифати како дел од општата лексика на јазикот, а со тоа и да се овозможи ширење штетни наративи и ниска култура на јавното говорење.

# 2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери

## 2.1. Извештај за мониторинг на известувањето на онлајн медиумите за политичките актери




### Мониторинг на известувањето на онлајн медиумите за политичките актери Извештај за мај 2024 година

Со завршувањето на изборната кампања за двојните, претседателски и парламентарни избори, односно гласањето на граѓаните на 8 мај, „стивна" негативната реторика на политичарите и на политичките партии во јавниот информативен простор, а со тоа и на интернет-медиумите кои за време на целиот период „педантно" ги бележеа сите нивни активности (настапи, говори, средби со граѓаните, прес-конференции). Тоа го потврдува и мониторингот кој утврди значително намалување на вкупниот број прилози со штетни наративи. Нотирани беа **187 прилози** со реченици, пасуси, формулации со негативна реторика, што е далеку помалку во однос на претходниот анализиран месец (април - 261 прилог), но и во однос на другите анализирани месеци за време на деветомесечниот мониторинг со исклучок на октомври, кога беа утврдени најмал број прилози со штетни наративи (вкупно 154 прилози). Забележително е дека од вкупно осум денови во мај во кои беа следени објавите на интернет-медиумите, прилозите со штетни наративи беа најзастапени токму во првите два дена од мониторингот (2 и 6 мај со вкупно 104 прилози), кога изборната кампања сè уште беше во тек. Во останатите шест денови од мониторингот (10, 14, 18, 22, 26 и 30 мај), кога изборите веќе беа завршени, нивниот број беше значително помал (вкупно 83 прилози). Политичката енергија во овој период беше насочена кон сумирање, анализа и коментирање на изборните резултати, составот на новиот парламент и владата, како и на можните коалиции. Малку внимание се посветуваше на здравството, корупцијата и криминалот, а спорадично беа спомнувани правосудството, економијата и надворешната политика.

Но, намалениот вкупен број прилози со штетни наративи не влијаеше на нивната структура. Жанровски и понатаму **доминираа пренесените говори на политичарите (71 прилози) и партиските соопштенија (44 прилози)**, кои заедно со пренесените фејсбук-статуси на политичките субјекти и делови од нивните интервјуа за други медиуми (14 прилози) покриваат 2/3 (или 69 %) од сите анализирани прилози. Следуваа извештаите (24 прилози) и вестите/вестите со изјави (21 прилог) и нешто помалку интервјуата (8 прилози), а занемарени беа анализите и коментарите. Исто така, константа е едностраното информирање, односно консултирањето само една страна од засегнатите во приказната (173 прилози или 92,5 %), потпирањето најчесто на прецизни извори (181 прилог), како и на еден извор на информации (167 прилози, или 89,3 %). Притоа, најчест повод за објавување на прилозите беа актуелните настани (81 прилог или 43,3%), а потоа следуваа псевдонастаните (57 прилози или 30,5 %), односно партиските

конференции за печат и изјавите на политичарите. Вообичаено, како и досега, информациите/вестите најчесто не беа потпишани (169 прилози или 90,4 %), имаше занемарлив број прилози со наведено име или иницијали на авторот/новинарот, а се јавуваа и прилози преземени од други медиуми (телевизии, портали, фејсбук-страници). Тематски во фокусот беше внатрешната политика (во 150 прилози), а зад неа, со далеку помала застапеност, беа здравството, криминалот и корупцијата.

## *Фреквентност на штетните наративи во онлајн медиумите*

**Курир** во мај, како и месеци наназад, е портал со најголем број прилози со штетни наративи (28 прилози), а следуваат **Вечер.мк, Независен и Тетова Сот. Нова ТВ** и сега, и претходните месеци, има најмал број прилози со штетни наративи (3 прилози), а потоа доаѓа **Локално** (со 7 прилози), кој е на претпоследното место на листата портали рангирани според бројот на прилози со штетни наративи во овој месец.

Табела 4. Прилози со штетни наративи во мај 2024




Жанровски во мај најзастапени беа пренесените говори на политичарите, нивните фејсбук-статуси, интервјуата дадени за други медиуми и прес-конференциите, а потоа, со двојно помал број, партиските соопштенија. Ваквата слика е идентична со претходно мониторираниот месец април. Овој сооднос е карактеристичен за Курир (19 говори, 7 соопштенија), Независен (10 говори, 2 соопштенија), МКД.мк (8 говори, 3 соопштенија), Тетова Сот (7 говори, 3 соопштенија) и Република (8 говори, 5 соопштенија). Вечер.мк е единствен портал каде доминираа партиските соопштенија (9 прилози) пред говорите на политичарите (5 прилози), Тетова Сот се издвојува со најголем број извештаи (8 прилози), но и Слободен печат (со 5 извештаи), а Република и Вечер.мк со бројот на интервјуа (со претседателот и потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, но преземени од други медиуми). Притоа, Курир и Република речиси исклучиво ги следеа и информираа за активностите (говорите, ставовите) на Християн Мицкоски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, носителите на листи за пратеници и портпаролите на партијата. Слично е и во А1он каде најзастапени беа претседателот, членовите, носителите на изборните листи и портпаролите на ВМРО-ДПМНЕ, а инцидентно претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, претседателот на ДУИ, Али Ахмети, додека во Независен речиси подеднаков простор беше издвоен за членовите на коалицијата Вреди, како и за претседателот и потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, а спорадично за Бујар Османи од ДУИ и Венко Филипче од СДСМ. Во Вечер.мк просторот за говорите на политичарите и партиските соопштенија беше речиси исклучиво отстапен за претседателот и членовите на ВМРО-ДПМНЕ, додека во фокусот на Тетова Сот беше коалицијата Европски фронт, односно говорите на Али Ахмети и на членовите на Фронтот.

Бројките за жанровите и поводот за информирање, во кои доминираат говорите на политичарите, нивните објави на социјалните мрежи, псевдонастаните, укажуваат дека во овие мониторирани медиуми недостасува проактивно и автентично новинарско информирање и истражување зад кое транспарентно и одговорно стои автор - новинар. Овој современ бран на политизација на медиумите

диктирана од инвазивната и софистицирана политичка комуникација, или како што теоретирачарите за нови медиуми  го именуваат како „паразитски вести“[5], го преплавува онлајн просторот, надминувајќи ги традиционалните новинарски етички принципи и практики.

**Табела 5. Прилози со штетни наративи според жанровска структура во мај 2024**




| | Курир | Вечер мк | Тетова сот | Независен | Република | А1он | Алмакос | МКДмк | Слободен печат | Локално | Нова ТВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Друго | 5 | 3 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Интервју | 1 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Анализа/коментар | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Аналит. репор. прилог | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Извештај | 1 | 0 | 8 | 3 | 0 | 0 | 4 | 3 | 5 | 0 | 0 |
| Вест/вест со изјава | 0 | 4 | 4 | 2 | 0 | 0 | 6 | 0 | 3 | 2 | 0 |
| Пренесено соопштение | 7 | 9 | 3 | 2 | 5 | 7 | 4 | 3 | 1 | 1 | 2 |
| Пренесен говор на политичар | 14 | 5 | 7 | 10 | 8 | 12 | 4 | 8 | 1 | 2 | 0 |

Ваквата жанровска структура, а особено намалувањето на бројот на прилози со пренесени партиски соопштенија, е директно поврзана со поводот за објавување на овие прилози, односно, првпат во деветмесечниот мониторинг на интернет-порталите доминираа актуелните настани (81 прилог или 43,1 %), кои заедно со најавените настани (14 прилози или 7,4 %) сочинуваат половина од сите анализирани прилози. Дури потоа се псевдонастаните (57 прилози или 30,3 %), односно соопштенијата за јавноста, прес- конференциите, планирани и креирани да привлечат медиумско внимание и да обезбедат публицитет. Ваквиот тренд започнат во април, овој пат беше уште поизразен. Актуелните настани беа најбројни во Вечер.мк (во 22 од 26 прилози), Курир (во 22 од 28 прилози), Независен (во 15 од 22 прилози) и Слободен печат (во 8 од 11 прилози), а предност на псевдонастаните им дадоа Тетова Сот (во 15 од 22 прилози), Република (во 11 од 17 прилози) и МКД.мк (во 11 од 14). Актуелните и псевдонастаните беа подеднакво застапени во Алмакос (во 7, односно 8 прилози од вкупно 18), додека во А1он најбројни беа општествените случувања (во 12 од 19 прилози).

Притоа, внатрешната политика и овој пат беше неизоставна тема во известувањето на порталите за политичките актери (во 150 прилози или 80,2 % од анализираните 187 прилози), па дури и единствена за голем дел од нив (Тетова Сот, Алмакос, Слободен печат, Независен, МКД.мк). Оваа тема најчесто беше „обработена“ преку кратки искази, изнесени ставови, делови од говори или интервјуа на политичарите или соопштенија на политичките партии. Тоа е константа што го следи мониторингот целиот изминат деветмесечен период. Единствената разлика е што овој пат доминираа пренесените говори на политичарите „спакувани“ како актуелни настани, а дури потоа следуваат партиските соопштенија, но од нив суштински не отскокнуваат ни по содржината ни по обемот, односно, без оглед дали се работи за изјави, говори на претседателите, потпретседателите на политичките партии, нивните членови, портпаролите или носителите на листите за пратеници, прилозите најчесто се кратки, составени од неколку пасуси,

5 Ekman, M., Widholm, A. Parasitic news: Adoption and adaption of journalistic conventions in hybrid political communication, Stockholms universitet, Humanistiska fakulteten, Institutionen för mediestudier (2024).

со актуелни или архивски фотографии кои не се потпишани, како и без автор/новинар. Но, она што е поважно, тоа се прилози со штетни наративи и во насловот и во содржината на текстот. Неколку карактеристични примери:

Порталите **Курир и Република** на 2.5.2024 објавија прилог под ист наслов „Стојаноска: Мултиетнички Гостивар да се обедини околу ВМРО-ДПМНЕ и така сплотени да - го зададеме последниот удар на оваа криминална власт“ од говорот на Дафина Стојаноска во Гостивар, носител на листата за пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во 6-тата изборна единица, со реторика која месеци наназад се повторува за власта како „криминална“. Притоа, автор на прилогот е Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ и тој интегрално (со ист текст и фотографија) е преземен, копиран од интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ, а порталите тоа никаде не го нотираат (**Курир, Република, 2.5.2024**). Затоа пак **Вечер.мк** за истиот настан срочува наслов „Мафијата е синоним за ДУИ и СДСМ, мафијата царува, додека народот пати, ДА СТАВИМЕ КРАЈ НА ОВА“, без какви било интервенции во содржината на прилогот. Насловот е извлечен од говорот на Дафина Стојаноска, со што се засилува штетниот наратив (**Вечер.мк, 2.5.2024**). Истите портали, **Курир и Република**, го презентираат говорот на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, на митингот во Прилеп на 6.5.2024. Насловот на прилогот е „Мицкоски: Ова е последна шанса да ја спасиме Македонија, која е одземена од СДС и ДУИ да им служи ним, а не на народот“. Изворот е интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ, со иста содржина, но различни фотографии (**Курир, Република, 6.5.2024**). Притоа, станува збор за завршниот митинг на ВМРО-ДПМНЕ пред изборите, на кој покрај претседателот на партијата Христијан Мицкоски зборуваа и претседателскиот кандидат Гордана Силјановска-Давкова, потпретседателот Александар Николоски и други членови на партијата, кандидати за пратеници. Но, за тоа порталите ќе информираат во други прилози.

**Слободен печат** во прилогот „Ахмети: Европскиот фронт победи на изборите на 8 мај 2024“, ја пренесе изјавата (преку два цитата) на претседателот на ДУИ, Али Ахмети, за „тајните договори“ на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ за прегласување на изборите во неколку избирачки места за Фронтот да не биде втора партија во државата, како и за обединувањето меѓу двете најголеми партии на македонската заедница за што стравуваат дека ќе влијае на меѓуетничките односи (**Слободен печат, 18.5.2024**). Наспроти тоа, **Тетова Сот** објави два кратки прилога, составени од по два пасуси „Дали Европскиот фронт може да изгуби двајца пратеници. Ахмети: Детално ги знаеме договорите во црвените визби“ и „Ахмети: Македонско албанското обединување ќе ги загрози меѓуетничките односи“. Во првиот, претседателот на ДУИ, Али Ахмети зборува за изборните резултати и победата на Европскиот фронт наспроти „политичките акробации“ и договори (на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) кои се „шминкаат“ зад затворени врати. Во вториот прилог, како и во насловот на прилогот, Али Ахмети ја истакнува загриженоста за обединувањето меѓу двете најголеми партии на македонската заедница, сојуз кој ќе влијае на меѓуетничките односи. Всушност, од интегралната изјава на Али Ахмети порталот (новинарот) „крои“ два прилога во кои само ги пренесува неговите изјави. Во двата прилога е дадена иста непотпишана фотографија (сликана од различен агол) на Али Ахмети, веројатно пред седиштето на партијата, но која јасно упатува дека се работи за ист настан и на исто место (**Тетова Сот, 18.5.2024**).

**МКД.мк** во прилогот „Апасиев: Марксисти ленинисти заедно со ДУИ во опозиција“ го пренесе интервјуто со Димитар Апасиев за Слободен печат, односно неговиот став за грешките на ДУИ во изборите и структурата на нејзините избрани пратеници, за старите ‘учки-кадри’ кои веќе не градат парламентарна кариера (**МКД.мк, 26.5.2024**). Автор на интервјуто е **Слободен печат** со наслов „Апасиев: Добро е за државата ДУИ да оди во опозиција, но овие кои доаѓаат се уште полоши“, а содржината во прилогот е составена од три цитати (дадени и текстуално и како видеоизјава) на Димитар Аласиев, за грешките на ДУИ и неговите избрани пратеници, со негова фотографија и со автор на прилогот (**Слободен печат, 26.5.2024**). Всушност станува збор за „реобјавување“ на мал дел (2-3 минути) од интервјуто (во траење од 32 минути) објавено во порталот на 23.5.2024. Притоа, прилогот, реобјавениот дел од интервјуто со Апасиев го пренесоа голем број портали, новински агенции, а видеоизјавата на Апасиев ја има и на интернет-страницата на Левица.

## *Политичките актери во анализираните прилози*

Во известувањето на интернет-медиумите за политичките субјекти, како во претходно мониторираните месеци така и сега, најчесто се апострофираа два (22,9 %) односно три (23,9 %) субјекти, доминираа колективните актери, односно политичките партии, а дури потоа индивидуалните, односно политичарите. **На врвот беше ДУИ** (односно Европскиот фронт), а зад неа ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ВРЕДИ, додека од индивидуалните **претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски и претседателот на ДУИ, Али Ахмети**. Во порталот **Курир**, со најголем број прилози со штетни наративи, речиси исклучиво и подеднакво беа застапени претседателот Христијан Мицкоски и членовите на партијата. Во **Вечер.мк** и **Република** доминираа партиите ДУИ и СДСМ, во **Независен** ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседател Христијан Мицкоски, а во **А1он** ДУИ и власта/владата. **Тетова Сот** ги фаворизираше коалицијата ВРЕДИ и ВМРО-ДПМНЕ, а од индивидуалните актери Христијан Мицкоски и Арбен Таравари. Во **Алмакос** најмногу спомнуван беше Европскиот фронт, а потоа претседателот на ДУИ, Али Ахмети.

Медиумското претставување на политичките актери беше различно од портал до портал, но директно поврзано со актерите, односно дали се работи за индивидуални или колективни. За колективните актери (власта, политичките партии) најчесто се зборуваше во контекст на темата, додека индивидуалните вообичаено беа цитирани, а поретко беа парафразирани нивните искази, говори, настапи или се сместуваа во контекст на темата. **Алмакос** и **Тетова Сот** најмногу во прилозите за актерите зборуваа во контекст на темата, а особено најзастапените Коалицијата ВРЕДИ и Европскиот фронт. **Вечер.мк**, и во претходните мониторирани и овој месец, за актерите исклучиво известуваше во контекст на темата, а тоа е карактеристика и на **Курир**, но и на **Независен** и **Локално** кои освен во мал, незначителен број прилози каде ги цитираа актерите, во сите други прилози актерите ги „сместуваа“ во контекст на темата/приказната. Република преферираше за најзастапените партии ДУИ и СДСМ во прилозите да информира во контекст на темата, додека претседателот и членовите на ВМРО-ДПМНЕ да ги цитира. **А1он, МКД.мк** и **Слободен печат** при претставувањето на политичките актери речиси подеднакво ги цитираа и парафразираа нивните зборови и за нив известуваа во контекст на темата.

Исто така, во порталите различни беа оцените за политичките актери. Кога се работи за новинарите, тие најчесто беа во улога на „пасивни“ пренесувачи на исказите, ставовите, говорите (особено со цитирање на зборовите) на политичките актери без какви било интервенции или беа неутрални, со ретки и спорадични „излети“ со критики или пофалби кои инцидентно се среќаваат, на пример, во **Тетова Сот, Република, Независен** и **Слободен печат**. Немаше ни оцени на политичките актери за самите себе, а малкуте што инцидентно се среќаваат во **Тетова Сот** и **Слободен печат** дадени од претседателот на ДУИ Али Ахмети, коалицијата ВРЕДИ, министерот за надворешни работи, Бујар Османи и претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски беа позитивни. Најмногу оцени, особено негативни, за политичките актери имаше од други политички субјекти, а ги имаа „заработено“ сите политички актери во прилозите на **Вечер.мк, Курир, Локално, Независен** и **Слободен печат**, во **Република** само два политички субјекта (СДСМ и ДУИ), а најмалку во **А1он**, додека пак во **Алмакос** и **Тетова Сот** покрај најбројните негативни оцени, има и по неколку позитивни (за коалицијата ВРЕДИ и Европскиот фронт) или неутрални оцени (за СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ).

## *Новинарскиот (не)професионализам*

Сликата како интернет-медиумите ги „пакуваат“ информациите/прилозите со штетни наративи и овој месец, како и сите претходно мониторирани, имаше стандарден формат во кој доминира еднострането информирање, потпирањето најчесто на еден извор на информации, консултирањето вообичаено на една страна од приказната, отсуството на автор на прилозите, необележаната визуелизација, сè спротивно на професионалните новинарски вредности и стандарди.

Конкретно, во мај, од вкупно анализирани 187 прилози, утврдени беа 173 прилози во кои **порталите се потпираат само на една страна во известувањето за настанот**, односно проблемот. Такви беа сите прилози во **Република, А1он, Тетова Сот** и **МКД.мк**, додека во останатите **Курир, Вечер.мк, Алмакос, Независен, Слободен печат** инцидентно можеа да се забележат еден до два прилога каде се присутни две/повеќе страни. Како исклучок може да се посочи порталот **Локално** во кој, од малкуте прилози со штетни натативи (вкупно 7), едностраното информирање се однесуваше на едно партиско соопштение и на еден пренесен говор на политичар, додека во останатите прилози имаше посочено две/повеќе страни. Наспроти тоа, на пример, во Република сите 17 анализирани прилози се потпираат на една страна во известувањето, а од нив пет се партиски соопштенија, осум се говори на политичари, три се пренесени делови од интервјуа за други медиуми и еден е пренесен фејсбук статус. Или **А1он**, каде од сите анализирани 19 прилози, седум се партиски соопштенија, а 12 се говори на политичари. Несомнено двете хибридни жанровски форми, партиските соопштенија и говорите на политичарите, диктираат дали и колку страни ќе има во приказната. Кај партиските соопштенија тоа би можело да се „коригира" доколку медиумот, односно новинарот побара одговор или реакција од засегнатите страни за прашањето или проблемот нотиран во самото соопштение, но, тоа бара време и отвора дополнителна работа за порталите и за новинарите наспроти напливот на нови информации кои секојдневно пристигнуваат од минута во минута и кои треба да се „обработат" и да се пласираат на јавноста.

На ова се надоврзува и **практиката порталите најчесто да се потпираат на еден извор на информации**. И тука приказната е иста, од анализираните 187 прилози со штетни наративи, 167 се со еден извор на информации (89,3 %). Во **Република** и **А1.он** сите прилози имаат само еден извор на информации, додека кај останатите портали (пред се **Вечер.мк, Курир, Тетова Сот, Алмакос, Независен, МКД.мк**) може да се забележи еден до два прилога со 2/3 и повеќе извори. Отскокнуваат **Локално**, каде од 7-те прилози, два се со еден извор, а пет со два извора и **Слободен печат**, каде од регистрираните 11 прилози со штетни наративи, шест имаат еден извор, два имаат два извора, а три се со три извори.

Оттука, очекувано, но забележано и во претходно мониторираните месеци, **порталите најчесто се повикуваат на прецизни извори на информации**, а инцидентно на нејасни и непрецизни (**Курир, Независен**) или извори од друг медиум (**Тетова Сот, Вечер.мк, МКД.мк**). Поедноставено кажано, во прилозите со најбројни говори на политичарите или партиски соопштенија изворот е јасен и недвосмислен, конкретна политичка партија/коалиција или конкретен политичар, со име и презиме и статус во партијата на која - припаѓа (претседател/потпретседател, член на извршниот комитет, портпарол, кандидат за одредена изборна единица...).

**Табела 6. Вид извори според интернет-медиуми во мај 2024**




| | Нова ТВ | Локално | Слободен печат | МКДмк | Република | Алмакос | А1он | Независен | Курир | Вечер мк | Тетова сот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нејасни | | | | | | | | | 1 | | |
| Непрецизни | | | 1 | | | | | 4 | | | |
| Прецизни извори | 3 | 7 | 10 | 14 | 17 | 18 | 19 | 18 | 27 | 26 | 22 |
| Друг медиум | | | | 1 | | | | | | 3 | 8 |

Интернет-медиумите не се професионални и кога е во прашање **визуелизацијата на анализираните прилози.** Неспорно, сите прилози со штетни наративи се визуелно „збогатени“, а најчесто со актуелни (98 прилози) и архивски фотографии (87 прилози), а одвреме-навреме и со видеоизјави со истата содржина како во самите прилози. Но, она што упорно се провлекува како практика месеци наназад е што тие не се потпишани и оставено е на јавноста неретко да нагаѓа, претпоставува кој е на фотографијата, местото каде е фотографирано, дали тоа е актуелна или архивска фотографија. Од сите опфатени портали во анализата, исклучок е **Слободен печат** каде под фотографиите е нотиран субјектот/субјектите, фотографот, како и изворот од каде е преземена фотографијата. Фотографијата е нужен составен дел на секој прилог/новинарски текст, таа го „крепи“ текстот, му дава додадена вредност, поголема веродостојност, но и со неа (свесно или несвесно) се манипулира.

Неколку различни примери од анализата:

**Република** во прилогот под долг наслов „Мицкоски: ДУИ купува гласови и полни кутии како што беше Липково за што има пресуда од Управен суд, има најмалку 50 вакви случаи, но не им бега опозицијата“, пренесува делови од интервјуто на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, од гостувањето на телевизијата **Алсат М**, каде што тој вели дека не му паѓа на памет каква било коалиција со ДУИ која на терен врши притисоци и поткуп и бројни нерегуларности. Но, на фотографијата не е главниот актер во прилогот, Христијан Мицкоски, туку оној кон кого тој ја упатува пораката, односно дел од раководството на ДУИ, веројатно на прес-конференција, на говорницата е министерот за надворешни работи, Бујар Османи, а веднаш зад него претседателот Али Ахмети (**Република, 2.5.2024**).

**Независен**, во прилогот „Мицкоски им порача на новинарите да пишуваат за успеси“, пренесува делови од интервјуто на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, во емисијата „Само вистина“ на Канал 5 телевизија, каде покрај повторување на зборовите од насловот, тој се осврнува и на прашањето за парламентарното коалицирање, за измените на Уставот, договорот за пријателство и добрососедство со Бугарија и најавува задолжување од една милијарда од друга земја. Притоа, порталот (анонимниот новинар), освен што го цитира Христијан Мицкоски, непрофесионално го интерпретира и коментира. Така, за најавеното задолжување од една милијарда од друга земја дава толкување „Тоа што веднаш ја најави милијардата заем е јасна порака до ЕУ колку му значат нивните 800 милиони евра од Планот за раст на Западен Балкан кои може да се добијат само ако се исполнат реформи“. Исто така, во прилогот е дадена фотографија, но не од гостувањето во телевизијата, туку Христијан Мицкоски на говорница и во заднина испишани зборовите „Диво месо, Скандалот со онкологија сè уште трае“ (**Независен, 10.5.2024**).

**Слободен печат**, пак, во кој во сите прилози (со ретки исклучоци) фотографиите се обележани, во прилогот „Османи: Нема влада без Бадентер кој ќе го обезбеди Европскиот фронт“, на фотографијата е Бујар Османи, главниот актер на прилогот, но не на прес-конференција (како што пишува под фотографијата, но не и во текстот), туку тоа е колаж од две негови фотографии преземени од други настани (**Слободен печат, 2.5.2024**). Притоа, оваа информација ќе ја пренесат бројни портали, а во повеќето од нив Бујар Османи (според фотографијата) е на прес-конференција, а има и такви каде е фотографиран на митинг или сам на друга прес-конференција.

## Доминантни штетни политички наративи

Бројката од 187 прилози со штетни наративи, односно 311 објави (зборови, формулации, пасуси, реченици) чии главни креатори се политичарите и политичките партии, сама по себе е голема, но гледано во однос на изминатите мониторирани месеци, кога постојано имаше нагорен тренд (достигнувајќи до 261 прилог со штетни наративи и 482 објави во април), полека го релаксира јавниот информативен простор. Кога станува збор за видовите штетни наративи, приказните во мај беа концентрирани на тврдењата

за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената положба без обид за нивна поткрепа, како и на обвинувањата на политичките противници со непроверени или тешко проверливи наоди (128 случаи). Далеку зад нив се оцрнувањето (со зборови, формулации) на одредени групи луѓе со цел да се предизвикаат поделби меѓу „нас“ и „вас“ (33 случаи), како и етикетирањето, исмевањето и грубото непочитување на други лица, политичките противници, функционерите, медиумските работници, граѓанските активисти (30 случаи). Енергијата на политичките актери речиси целосно беше фокусирана на поткопување на довербата во институциите и пристрасното селектирање, а нешто помалку на напади на личноста на политичкиот противник и негово демонизирање, поттикнување поделби, дури и на ширење страв и несигурност.

Интернет-медиумите ги следеа активностите на политичките актери, исполнувајќи го медиумскиот простор не само со говорите, настапите, изјавите на политичарите, партиските лидери, нивните членови, портпаролите на изборните митинзи, прес-конференциите или партиските соопштенија, туку и од нивните гостувања и интервјуа во различни медиуми (телевизии, радиоемисии, портали), користејќи ги најчесто за од нив да „креираат“ повеќе прилози, но прилози со штетни наративи со што директно, како медиуми, учествуваат во нивното мултиплицирање. Тоа е востановена практика што со различна динамика се повторува од месец до месец и особено е забележителна кај порталите **Република, Курир** и **Вечер.мк.** Неколку карактеристични примери:

**Република** во два прилога „Мицкоски: Ќе удриме силно по челото на корупцијата донесена од ДУИ и СДС, ги крадат и Македонците и Албанците“ и „Мицкоски: ДУИ купува гласови и полни кутии како што беше во Липково за што има пресуда од Управен суд, има најмалку 50 вакви случаи, но не им бега опозиција“, објавува делови од гостувањето на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, на телевизијата **Алсат М**, но прилозите целосно (и насловите и содржината) се преземени од интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ (од рубриката интервјуа/колумни/говори). „Креатор“ на прилозите е Центарот за комуникации, а порталот во улога на „администратор“ кој технички го заокружува процесот на пренос на прилозите на неговите страници, со мала додавка на почетокот на прилозите дека станува збор за гостување на Христијан Мицкоски на телевизија (**Република, 2.5.2024**).

**Курир** користи ист пристап, од еден настан - гостувањето на Александар Николоски во емисијата „Еспресо со Златев и Боцевски“ на радио Лидер, на јавноста да - презентира два прилога, „Николоски: Соработка со Али Ахмети во која било варијанта, форма и начин нема да има“ и „Николоски: Четирите проопозициски кандидати за претседател до денес ја немаат поддржано Силјановска-Давкова, тоа значи дека или немаат елементарно чувство за државата или свесно или несвесно работат за ДУИ и Али Ахмети“. И тука креатор на прилозите е Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ, а **Курир** само го „копира“, односно без каков било новинарски ангажман, комплетно (и со фотографијата) ги презема и ги поставува прилозите на своите страници како на „огласна табла“ (**Курир, 2.5.2024**).

Порталот **Тетова Сот** со два прилога, објавени ист ден, „Османи: Албанофобијата на ВМРО ги надминува и црвените линии! Фрлаат жолч против Албанците и ДУИ“ и „Османи: Паднаа маските! Таравари е инструмент на Мицкоски за омаловажување на политичката волја на Албанците“, пренесува (повторува) делови од гостувањето на министерот за надворешни работи Бујар Османи во емисијата „Клан дебата“ на Клан ТВ, каде тој зборува за омаловажување на политичката волја на Албанците, нарушувањето на Охридскиот рамковен договор, меѓуетничкото понижување, а во контекст на изборите и изборната кампања (**Тетова Сот, 6.5.2024**). Или двата прилога „Ахмети: Детално ги знаеме договорите во црвените визби“ и „Ахмети: Македонско-албанското обединување ќе ги загрози меѓуетничките односи“, „скроени“ од интегрална изјава на претседателот на ДУИ, Али Ахмети за победата на Европскиот фронт, тајните преговори меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и загрозувањето на меѓуетничките односи (**Тетова Сот, 18.5.2024**).

Контекстуално, во **Република, А1он** и **Тетова Сот** најбројни се прилозите во кои се поткопува довербата во институциите, во **Алмакос** пристрасното селектирање, во **Курир** на исто рамниште се и поткопувањето на довербата во институциите и пристрасното селектирање, додека во **Вечер.мк** кон овие два штетни наратива се приклучуваат и нападите на личноста и нејзино демонизирање. Табеларно сликата е следна:

**Табела 7. Застапеност на штетни наративи во прилозите на онлајн-медиумите во мај 2024**




| | Нова ТВ | Локално | МКД.мк | Алмакос | Слободен печат | Република | Тетова Сот | А1Он | Вечер МК | Независен | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поткопување доверба | | 7 | 6 | 1 | 2 | 16 | 16 | 16 | 16 | 9 | 28 |
| Пристрасно селектирање | | | | 13 | | 1 | | 7 | 12 | 7 | 28 |
| Напади на личност, демонизација | 2 | | 3 | 4 | 2 | 1 | 1 | | 11 | 1 | 5 |
| Говор на омраза | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Дезинформации | | 1 | | 2 | | 1 | | | 2 | | 3 |
| Странско влијание | | | | | | | | | | 3 | |
| Популизам | 1 | | | | 5 | 3 | | 1 | | 3 | |
| Ширење паника, страв и несигурниост | | | | | 3 | 1 | | | | 11 | |
| Поттикнување поделби | 1 | | 5 | 1 | 6 | | 1 | | 2 | 11 | 5 |
| Етноцентризам | | | 1 | | | | 5 | 2 | | | 1 |
| Теории на заговор | | | | | 2 | | | | | 2 | |
| Екстремен патриотизам | 1 | | | | 2 | | | | | 5 | 1 |

Подолу следат неколку примери од прилози во кои фокусот на политичките актери е насочен на поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање, напаѓање  и етикетирање на политичките противници, поттикнување поделби и ширење страв и несигурност во општеството.

**Вечер.мк** во прилогот „Ковачки ОТКРИВА: ВЛАСТА ВО ЗАМИНУВАЊЕ САКА ДА ПРАВИ ОПСТРУКЦИИ", „едноставно", од збор до збор, го презема и го објавува фејсбук-статусот на Драган Ковачки, член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ.  Фокусот на Ковачки се институциите на системот и нивната непрофесионалност и  злоупотреба на службената положба, конкретно Министерството за одбрана и „делегитимираното" раководство на чело со Славјанка Петровска, кое, според неговите информации, на заминување „ќе ја сменело систематизацијата и ќе поставувало свои партиски кадри на раководни позиции" (**Вечер.мк, 14.5.2024**). Притоа, порталот воопшто не се обидел да ги провери обвинувањата и за тоа да објави автентична медиумска содржина.  Освен тоа, порталот, многу често, и во овој и во други прилози, во насловите користи зборови, цели пасуси со големи букви што е нестандардно за новинарството, а како „стратегија" за да го привлече вниманието на читателите, но и да го нагласи значењето на тие зборови, додека во интернет-преписките тоа значи да се биде „погласен", па дури се доживува и како „викање" кон соговорникот.

**Курир** во прилогот „ВМРО-ДПМНЕ: СДС и ДУИ се причина поради која денес правосудството е корумпирано, Георгиев и Мемети се само дел од криминално-судскиот октопод", партиско соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, каде владата на СДСМ и ДУИ е оквалификувана како „криминална", судството „корумпирано" и „криминален октопод", а Али Ахмети и Димитар Ковачевски со инсталирање на свои криминални кадри правосудниот систем го доведоа во целосен хаос. Повод за ваквото соопштение за јавноста е апсењето на  врховниот судија Наке Георгиев поради сомнение за примање поткуп и Иџет Мемети, член на Советот на јавни обвинители, под сомнение за примање награда за противзаконито влијание (**Курир, 22.5.2024**).

**Република, Вечер.мк, А1он**, но и бројни други портали, новински агенции, телевизии, за истиот настан информираа од прес-конференцијата на портпаролот и член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ, Марија Митева. **Република** и **А1он** го преземаа насловот и текстот даден на интернет-страницата на партијата „Митева: Скандалот со корупцијата во правосудството покажува дека СДС и ДУИ воспоставиле криминален систем – колку милиони евра се изрекетирани?" во кој се повторуваат зборовите од насловот дека „СДС и ДУИ воспоставиле криминален систем", но и се „редат" прашања (без одговор) „колку накевци и иџетовци се инсталирани во правосудството", „дали во правосудството во изминатите години биле изрекетирани неколку милиони евра", „дали и колку длабоко пипците на судскиот октопод се раширени во системот и дали главата на тој октопод се функционери на СДС и ДУИ" (**Република, А1он, 22.5.2024**). Вечер.мк го крати насловот „Митева: КОЛКУ МИЛИОНИ ЕВРА СЕ ИЗРЕКЕТИРАНИ ПРЕКУ ПРАВОСУДСТВОТО од СДСМ И ДУИ?", но текстот останува ист, а на крајот е дадена и видеоизјавата на портпаролката Марија Митева (**Вечер.мк, 22.5.2024**).

**Вечер** во прилогот „Мафијата е синоним за ДУИ и СДСМ, мафијата царува, додека народот пати, ДА СТАВИМЕ КРАЈ НА ОВА", од митингот на ВМРО-ДПМНЕ во Гостивар, односно настапот на Дафина Стојаноска, носител на листата за пратеници на ВМРО-ДПМНЕ во 6-тата изборна единица, која власта (ДУИ и СДСМ) ја етикетира како „криминална" и „мафија" и го повикува мултиетнички Гостивар да се обедини околу ВМРО-ДПМНЕ и така сплотени да - го зададат последниот удар на оваа власт, да го казнат Али и Артан Груби и никогаш повеќе да не се повторат Заев, Таче, Али, Артан (**Вечер.мк, 2.5.2024**).

**Независен**, во прилогот „Ахмети: Ако некој има стратегија да пукаме ние Албанците меѓу себе, нема да се реализира", ја цитира изјавата на Али Ахмети, претседателот на ДУИ, пред почетокот на вонредниот состанок на Претседателството на ДУИ по повод резултатите од изборите на 8 мај, односно прегласувањето во седум изборни места, за на партијата да - се одземат два мандата. Ахмети за тоа ги обвинува двете најголеми партии од македонска националност (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ), што „ќе има влијание и на меѓуетничките односи", кои тие (ДУИ) не ги посакуваат, и додава дека „ова повторување (на гласањето) што ќе се прави, се прави со ризична заднина ние Албанците да се убиваме", завршувајќи со зборовите дадени во насловот дека „Ако некој има стратегија да пукаме ние Албанците меѓу себе, нема да се реализира". Националистичка реторика, но и реторика која влева неспокој и страв кај граѓаните (избирачите) „потсетувајќи" ги на минатите меѓуетнички конфликти во државата (**Независен, 18.5.2024**). Штетната реторика присутна во насловот, чиј креатор е самиот портал, но и во текстот на прилогот е пример кој покажува како се мултиплицираат штетните наративи, а за тоа придонесуваат и самите портали. За споредба, за настанот информираа и други портали опфатени во мониторингот. Во **Република** и **Вечер.мк** прилозите (со иста содржина) се насловени како „Ахмети ги обвини СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ за прегласувањето, а ги спомна и пушките", при што ефектот е ист, додека во **МКД.мк** насловот е „Ахмети: Прегласувањето е поради ВМРО и СДСМ, а тоа може да влијае на меѓуетничките односи". Наспроти тоа, **Слободен печат, Локално** и **А1он**, дури по завршувањето на состанокот на Претседателството на ДУИ објавија интегрален текст и од состанокот и од претходната изјава на Али Ахмети со наслов „Ставот за прегласувањето на одредени избирачки места ДУИ ќе го формира со коалициските партнери од Европскиот фронт". Интегралниот текст, покрај првично објавениот со изјавата на Али Ахмети го објави и **Независен**.

Прилогот на **МКД.мк** „СДСМ, Враќањето на режимот на ДПМНЕ ќе значи блокада и етнички тензии" со употребата на зборови и формулации за ВМРО-ДПМНЕ како партија која „претставува сериозна закана од враќање на заробена држава, поделби, уцени и закани", „сигурна блокада на Македонија и внатрешни етнички тензии" а СДСМ како „чувар на темелите на државноста, демократските вредности, внатрешната кохезија, стабилни етнички односи, безбедна и европска иднина на Македонија", не само што поттикнува поделби туку и шири страв и несигурност во општеството. Притоа, порталот го пренесува соопштението на СДСМ, составено од еден краток пасус, односно две реченици. Увидот во интернет-страницата на СДСМ не упатува на такво соопштение, но друг портал (на радио Лидер) ја пренесува истата информација наведувајќи дека соопштението на СДСМ го пренесува во целост и потоа следат истите неколку реченици како во **МКД.мк** (**МКД.мк, 2.5.2024**).

Таков е и прилогот „Дали салите на хирургија се затворени поради бактеријата МРСА, прашува Стоилковски", објавен во порталот **Локално**, но и во **Република, Курир** и **А1он** со наслов „Стоилковски: Дали причина за хаосот на Хирургија е системот за компримираниот воздух или има бактерија МРСА?", од прес-конференцијата на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ, Наум Стоилковски, но тој ништо не соопштува, туку само прашува, „шпекулира" за бактеријата МРСА, за компримираниот воздух што ги снабдува операционите сали, за контролата на хигиената во Траума, за зголемената инфекција на оперираните пациенти..., со што внесува додатен немир и страв меѓу граѓаните што се случува со хируршките сали во Клиничкиот центар. На крај Стоилковски завршува „СДСМ и ДУИ се толку преокупирани со себе и одењето во опозиција, до толку што најфреквентната клиника ја претворија во руина". **Локално** на крај информира дека обвинителството истражува зошто една недела се затворени хируршките сали на Клинички, а Министерството за здравство посочува на проблеми со функционирање на вентилацискиот систем (**Локално, 26.5.2024**), а **Курир** тоа го прави во друг прилог истиот ден (**Курир, Република, А1он, 26.5.2024**). Прашање е дали порталите и нивните новинари воопшто требале да информираат за овој настан преку соопштението, прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ или самите да следат и да ја информираат јавноста за ова прашање. Некогаш центар за прибирање на сите дневни, актуелни информации беа медиумите, ги има и денес, но нив ги заменуваат центрите за комуникации на политичките партии, нивните соопштенија, прес-конференции.

## 2.2. Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците




Во мај 2024 година, последниот месец од истражувањето на ШТЕТ-НА, анализирани се централните информативни емисии на 9 ТВ-станици во следниве 8 денови (2, 6, 10, 14, 18, 22, 26 и 30 мај).

При анализата, регистриран е вкупно 51 прилог или 6,3 прилози на ден кои содржеле еден или повеќе штетни наративи, што претставува најмалку од почетокот на истражувањето досега.

Најчести се штетните наративи поткопување на довербата во институциите (29), пристрасно селектирање (19) и поттикнување поделби (13).

## Фреквентност на штетните наративи кај ТВ-станиците

Трендот на намалување на штетните наративи во вестите на ТВ-станиците продолжи и во последниот месец од истражувањето, кога беше регистриран само 51 прилог со штетни наративи или 6,3 прилози дневно. Како што беше наведено и во извештајот за април, очигледно е дека јасната законска рамка која ги опфаќа електронските медиуми, но и мониторингот спроведен од неколку домашни и меѓународни организации влијаат на начинот на кој ТВ-станиците информираат и ги покриваат изборите. Имено,

информирањето на ТВ-станиците за време на изборните процеси е регулирано со Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги[6], но и со Изборниот законик[7] кои многу детално ги пропишуваат условите и начините на кои радиодифузерите, а особено јавниот сервис - МРТ, треба да ги покриваат изборите. Исто така, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), почнувајќи од 15 февруари 2024 година, го следеше медиумското претставување за претседателските и парламентарни избори кај радиодифузерите, како и неколку домашни и странски организации, вклучувајќи ја Меѓународната набљудувачка мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР[8].

Јасно регулираните законски обврски и фокусот на домашните и на меѓународните организации на нивното информирање за време на изборите придонесе ТВ-станиците да бидат мошне внимателни за начинот на кој ќе известуваат и како ќе ги пренесуваат изборните кампањи. Тоа, се разбира, придонесе и за драстично намалување на штетните наративи во прилозите, вклучувајќи ги оние креирани од новинарите, но и оние за кои се одговорни политичките актери, а медиумите ги пренесувале.

Табела 8. Приказ на прилози кои имаат штетен наратив според ТВ во мај 2024




Како и досега, и во мај најмногу прилози со штетни наративи се забележани кај ТВ Алфа (12 или 23,5 %), но за разлика од февруари (40) и март (35), во април и мај и кај оваа ТВ-станица се забележува значително намалување на овој тип прилози. По Алфа, следат Алсат М и ТВ 21 (по 8 прилози или по 15,7 % од вкупниот број прилози), потоа ТВ 24 (вкупно 7 прилози или 13,7 %), ТВ Телма (5 прилози или 9,8 %) и на крај МТВ 2, ТВ Канал 5 и ТВ Сител со по 3 прилози и МТВ 1 со само 2 прилога.

Најмногу прилози со штетни наративи се регистрирани на 6 мај (14 или 27,5 % од вкупниот број прилози), што не е изненадување имајќи предвид дека тоа е непосредно пред изборниот молк и пред вториот круг на парламентарните избори кои се одржаа на 8 мај. Па затоа кај најголемиот број прилози главна тема се парламентарните избори, а штетните наративи најчесто се појавувале на изборните митинзи на партиите.

6 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_mkd_1.pdf. Посетено на 26 мај, 2024.

7 Изборен законик – Пречистен текст март 2024 година. https://drive.google.com/file/d/1ZJMruqcNl-yC5VuWSzpfT9BFeKphm5An/view?usp=sharing. Посетено на 26 мај, 2024.

8 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци на Меѓународната набљудувачка мисија за изборите во Република Северна Македонија – Парламентарни избори и втор круг на претседателски избори, 8 мај 2024 година https://www.osce.org/files/f/documents/f/8/568321.pdf

Табела 9. Приказ на прилози со штетни наративи според датум (мај 2024)




Кога се работи за темите на прилозите, исто како и досега, доминираат теми од внатрешната политика (46 или 90,2 %) и само по 2 теми биле поврзани со здравство и економија, а 1 со корупција.

Табела 10. Област на главна тема, тема што доминира во објавата




Очекувано, изборите биле главна тема во овие прилози (41 прилог), вклучувајќи ги изборните митинзи, обвинувања и ветувања, но и постизборните коалицирања и анализи. Затворените операциони сали на хирушките клиники во Клиничкиот центар „Мајка Тереза", дебатата околу евентуалната промена на Уставот и случајот со наводната проневера со спортски ваучери се меѓу ретките теми кои не влегуваат во кластерот избори.

Сепак, дури и во овие теми, кои навидум не се поврзани директно со изборите, се забележува предизборниот дискурс, зачинет со меѓусебни партиски обвинувања, без сериозни аргументи во критиките кон опонентите. И како што неколкупати досега беше нотирано во извештаите на ШТЕТ-НА, сè поочигледно е дека сите можни теми се врамуваат со рамката на партиското, на бинарните опозиции, на предавници и патриоти, на добри и лоши. Притоа, ретко гледаме вистинска анализа на проблемите, одговори на важните прашања, туку само меѓусебни обвинувања на политичките актери и популизам.

Таков е случајот со затворањето на операционите сали во Клиничкиот центар „Мајка Тереза", што е крајно сериозен проблем и е индикатор за состојбата во јавниот здравствен сектор. Повторно, наместо детално да се анализира ситуацијата и да се работи на решавање на проблемот, но и на креирање на стратегија за состојбата во јавното здравство, темата се користи за меѓупартиски обвинувања и за собирање политички поени. Таква е изјавата на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ, Наум Стоилковски, дадена на 30 мај:

„Немаат збор ниту министерот ниту овие дванаесетмина за економскиот директор којшто со екипа заминал на Азурниот Брег, ниту пак за оние т.н. Заеднички служби. Никој од нив не кажал ниту збор, ниту претходно ниту сега откако системот колабираше. [...] Ниту пак гласните д-р Илир Хасани од Траума ексзаменик министер и партнер на Филипче во градба, или д-р Маја Мојсова од Карил, толку гласна и ангажирана Филипче да не даде оставка по трагедијата со тетовската модуларна болница." (**ТВ Алфа, 30 мај, 2024**)

Мошне слично со април, и во мај најчест жанр е извештајот (16 или 31,4 %), додека на второ место се прилозите со пренесен говор на политичар (13 или 25,5 %).




Не изненадува дека голем дел од прилозите се пренесен говор на политичар, особено ако имаме предвид дека во предизборниот период (особено прилозите регистрирани на 6 мај) доминираат предизборните митинзи, говори и прес-конференции на политичките партии. Се разбира, медиумите имаат обврска да ги пренесат политичките пораки до гласачите, но тоа треба да го прават балансирано, непристрасно и да обезбедат доволно информации за гласачот да може да направи избор кој ќе се базира на објективни информации. Притоа, важно е на каков начин медиумот ќе се постави кон штетните наративи, на кој начин ќе ги филтрира, дали ќе ги осуди или дополнително засили.

Како што се потенцира и во Прирачникот за етичко известување од изборите подготвен од Здружението на новинари на Македонија во 2021 година, новинарите не смеат да употребуваат говор на омраза во своето известување и треба да се воздржуваат од употреба на нетолерантна или потпалувачка реторика, но, во случаите кога ваквата реторика ја користат политичките актери, медиумите мора да бидат внимателни како ќе известуваат за да се пренесе дека кандидатот користи таква реторика, но, не и таа да се шири понатаму.[9] Исто така, во Глобалната конвенција за етика во новинарството на Меѓународната федерација на новинари се нагласува дека „во информирањето новинарите не треба да придонесат кон омраза или предрасуди и треба да сторат сѐ што е возможно да се избегне учество во ширење дискриминација по различни основи[10]".

9 Здружение на новинари на Македонија, Прирачник за етичко известување од избори во Северна Македонија. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/prirachnik-za-etichko-izvestuvane-od-izbori-vo-severna-makedonija.pdf. Посетено на 26 мај, 2024.

10 International Federation of Journalists (2019) Global Charter of Ethics for Journalists, достапно на: https://www.ifj.org/who/rules-and-policy/global-charter-of-ethics-for-journalists.html. Посетено на 6 јуни, 2024.

Конечно, во Прирачникот за медиумска анализа за време на набљудувањето на изборите на ОДИХР, ЕУ и Советот на Европа, се препорачува медиумите да одбијат отворено или прикриено искажување нетолеранција и „внимателно да размислат дали објавувањето на таквите изјави придонесува кон клевета и потсмев на основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера и религија, припадност на национална или етничка малцинска група, социјални разлики или друго мислење[11]".

Во мај, повод за прилозите со штетни наративи најчесто биле актуелни настани (19 или 37,3 %) и општествени случувања (15 или 29,4 %), што не изненадува имајќи предвид дека најголемиот од нив се поврзани со изборите кои се одржаа на 24 април и 8 мај.




## Политичките актери и изворите во анализираните прилози

Еден од главните заклучоци кои произлегуваат од мониторингот на штетните наративи во овие девет месеци е поврзан со тоа кој има пристап до мејнстрим-медиумите, односно кому му е дадена привилегијата да зборува и да го формира јавниот дискурс. Најголем простор и во мај ТВ-станиците им овозможиле на претставниците на најголемите политички партии, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и коалицијата Вреди, а тоа се гледа и од следната табела на која се претставени најчестите актери во прилозите со штетни наративи.

11 6 OSCE/ODIHR, Council of Europe & EU (2005) European Commission for Democracy through Law (Venice Commission) Guidelines on Media Analysis during Election Observation Missions, Strasbourg

Табела 13. Вкупен приказ на прв, втор и трет актер според ТВ-канал

| ТВ-канал | Актер | Фреквенција | Начин на претставување | | | Кој и како го претставува актерот | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Новинарот | | | | Некој друг | | | | Самиот/та | | | |
| | | | Цитиран | Парафразиран | Се зборува за него/неа | - | + | -/+ | 0 | - | + | -/+ | 0 | - | + | -/+ | 0 |
| МТВ2 | ДИК | 2 | | | 2 | | | | 2 | 2 | | | | | | | |
| | Македонски партии | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| Канал 5 | Мицкоски | 2 | | | 2 | | | | 1 | 2 | | | | | | | |
| Сител | ВМРО ДПМНЕ | 3 | | | 3 | | | | 2 | 1 | | | | | | | |
| Телма | Али Ахмети | 2 | 2 | | | | | | 1 | | | | | | 1 | | |
| Алфа | ДУИ | 6 | 2 | | 6 | 3 | | | | 3 | | | | | | | |
| | Бујар Османи | 2 | 1 | | 2 | 1 | | | | 2 | | | | | | | |
| АлсатМ | Билал Касами | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | | 2 | | | | | 2 | | |
| | ВРЕДИ | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | | 2 | | | | | 2 | | |
| | ВМРО ДПМНЕ | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | ДУИ | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | СДСМ | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| ТВ 21 | СДСМ | 2 | 1 | | 2 | | | | 1 | 1 | | | | | | | |
| | Димитар Ковачевски | 2 | 2 | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| | ВРЕДИ | 3 | 2 | | 3 | | | | 3 | | | | | | | | |
| | Европски фронт | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | Али Ахмети | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| ТВ 24 | ДУИ | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | СДСМ | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |

Присутноста и концептот на постојан перформанс, односно да се биде постојано активен се едни од најважните одлики на денешната епоха. За да се биде избран треба да се биде постојано и насекаде присутен. Видливоста, настапот, харизмата се многу поважни од аргументите кои би требало да бидат главното политичко оружје во демократијата.

Ако убаво ја анализираме табелата 5 на која се прикажани главните актери во прилозите со штетни наративи, ќе сфатиме дека ниту во овие прилози нема место за помалите политички актери и партии. Целата сцена како да е препуштена на големата четворка, на која се креираат две бинарни опозиции - една за македонскиот, а друга за албанскиот блок. Политичките претставници на овие четири партии ја користат секоја можност, секое општествено случување, актуелен настан, проблем или предизвик да го нападнат својот опонент (најчесто без да понудат докази и аргументи), да го навредат, демонизираат и да демонстрираат дека тие не се такви, туку целосно спротивни.

Во мај, за разлика од сите претходни месеци, кај ТВ Алфа гледаме дека многу поретко се споменуваат СДСМ и нивните политички претставници се заменети со ДУИ. Бујар Османи и ДУИ се најчестите актери кои се појавувале во прилозите со штетни наративи на ТВ Алфа и за нив се зборувало најчесто негативно или од страна на политичките опоненти (5 прилози) или од страна на новинарот (4 прилози). Кај другите ТВ-станици најчесто гледаме неутрален став од страна на новинарот, а негативните квалификации и напади обично доаѓаат од политичките ривали.

Табела 14. Однос на медиумите кон штетните наративи

| | Број на индикатори | Број на прилози | Бр. на индикатори произведени само од новинарот | Бр. на индикатори произведени само од политичкиот актер | 1. Новинарот го пренесува без каква било интервенција | 2. Новинарот јасно го истакнува, но притоа не зазема | 3. Новинарот го пренесува со осуда/критика | 4. Новинарот го пренесува со одобрување | Бр. на индикатори произведени од двајцата | Новинарот го поддржува индикаторот од политич. | Новинарот се спротивставува на индикаторот од политич |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МТВ 1** | 2 | 2 | | 2 | 2 | | | | | | |
| **МТВ 2** | 4 | 3 | | 4 | 4 | | | | | | |
| **Канал 5** | 5 | 3 | | 5 | 5 | | | | | | |
| **Сител** | 3 | 3 | | 2 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 1 | |
| **Телма** | 6 | 5 | | 6 | 4 | | 2 | | | | |
| **Алсат М** | 8 | 8 | | 8 | 8 | | | | | | |
| **Алфа** | 17 | 12 | 4 | 10 | 2 | 1 | 7 | 3 | 3 | | |
| **ТВ 21** | 8 | 8 | | 8 | 8 | | | | | | |
| **ТВ 24** | 8 | 7 | 1 | 7 | 6 | 1 | | | | | |
| **Вкупно** | **61** | 51 | | | | | | | | | |

Во создавањето на штетните наративи, слично како и во претходните месеци, најчесто учествуваат политичките актери, додека новинарите и медиумите само ги пренесувале во своите прилози, без интервенција, но и без осуда и критика. Повторно исклучок е ТВ Алфа, каде дел од индикаторите се креирани од новинарот (4) или од новинарот заедно со политичкиот актер (3). Сепак, мора да се потенцира дека се забележува сериозно намалување и во оваа категорија, па така, во споредба со сите претходни месеци, новинарите на ТВ Алфа забележливо помалку креирале штетни наративи во прилозите или најавите.

Кај другите ТВ-станици, регистриравме само еден прилог кај ТВ 24 во кој новинарот бил одговорен за креирање на штетниот наратив и еден прилог на ТВ Сител во кој новинарот го направил тоа заедно со политичкиот актер.

Во поглед на изворите на прилозите со штетни наративи, анализата покажа дека 22 (43,1 %) биле со само еден извор, 11 (21,6 %) содржеле два извора, додека 16 (или 31,4 %) имале три или повеќе извори. Кај два прилога воопшто не може да се издвојат извори. Најчесто изворите биле јасни и прецизни (48 или 94,1 %), додека непрецизни биле само 3 (5,9 %), а нејасни 1 (или 2,0 %).

Слична е ситуацијата и кога се работи за страните во прилогот, па така со една страна биле 29 (или 56,9 % од прилозите), со две страни биле 7 (13,7 %) и со повеќе страни биле 13 прилози (или 25,5 %). Иако едностраноста сè уште е доста впечатлива карактеристика на прилозите кои ги анализираме, сепак следиме намалување и во овој контекст, особено во споредба се претходниот месец, април, кога еднострани биле 35 прилози (или 63,6 % од вкупниот број).

Табела 15. Застапеност на страната на изворите во прилозите кои имаат штетни наративи (мај 2024)




Најмногу еднострани прилози со штетни наративи забележуваме кај МТВ 1 (2 или 100 %), ТВ Телма (4 или 80 % од вкупниот број прилози) и кај ТВ Алфа (7 или 70 %).

Имајќи го предвид општествениот и политичкиот контекст, односно вториот круг на изборите кои се одржаа на 8 мај, не треба да изненадува едностраноста кај дел од прилозите, особено оние кои се регистрирани на 2 и 6 мај. Митинзите, собирите и прес-конференциите на политичките партии беа доминантни во јавниот простор во тој период, а таму се креираат мошне голем дел од штетните наративи. Начинот на кој ТВ-станиците обично ги покриваа изборните кампањи на политичките партии, линеарноста и еден прилог за секоја партија придонесе да гледаме едностраност во прилозите.

## Најчести штетни наративи

Во мај беше регистриран 51 прилог и вкупно 88 штетни наративи, односно 1,7 штетни наративи по прилог. Овој месец најчест штетен наратив е поткопување на довербата (29 случаи), а потоа следува пристрасното селектирање (19). По овие два доминантни штетни наратива, следат поттикнување поделби (13), ширење паника (10) и напади на личноста, односно демонизација (7).

Табела 16. Фреквенција на штетни наративи во мај 2024




Ваквите штетни наративи се резултат на искази (почесто) на политичките актери или (поретко) на новинарите со кои се обвинувало за корумпираност, нетранспарентност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност, но без докази и поткрепа на тие тврдења (30 вакви случаи или 49,2 %), но и искази со кои се оцрнувала одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори (16 или 26,2 %), како и искази со навреди, етикетирање и демонизација на политичкиот опонент (7).

Табела 17: Приказ на застапеност на индикаторите за штетни наративи на ТВ станиците за мај 2024




| | Индикатор | ТВ станици |
|---|---|---|
| 1 | Тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службена должност без обид за поткрепа на тие тврдења. | 30 |
| 2 | Злоупотреба на информации од приватен карактер или лични трагедии, попреченост, социјален статус, брачен статус на политичките противници за остварување сопствената цел | |
| 3 | Етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, граѓански активисти, политички противници, носители на јавни функции...). Употреба на негативни зборови | 7 |
| 4 | Говор со којшто се навредува одредена група или, пак, се оправдува говор на омраза кон одредена група, врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа | 1 |
| 5 | Намерно непренесување на целосната слика за „настанот“, намерно изоставање информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува | 2 |
| 6 | Се тврди дека е вистина дека политички противници/јавни институции се манипулирани од задниснки (тајни) моќни групи (на пример, масони итн.) и притоа не се изнесуваат никакви факти или докази или, пак, се користат извори што немаат никаков кредибилитет и авторитет во областа | |
| 7 | Употреба на реченици, формулации со коишто се обвинува странски ентитет (или ентитети) за мешање во внатрешните работи на државата, спротивно на интересите на државата, што, всушност, е нарушување на демократските процеси | 1 |
| 8 | Употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето. Вообичаено, ние/нашето е добро, позитивно и пожелно, а вие/вашето е лошо, негативно и непожелно | 16 |
| 9 | Употреба на зборови и формулации со коишто се навредува, омаловажува, исмева некоја личност и/или група врз основа на нејзината родова и/или полова припадност | |
| 10 | Употреба на зборови со коишто се навредува, дискредитира, озлогласува некоја група луѓе (странци/туѓинци) со цел да се предизвика страв, одбивање и дистанцирање од нив, дури и предизвикување на одредено однесување кон таа група | |
| 11 | Употреба на реченици, зборови, формулации со коишто се велича сопствената етничка припадност, а сите други се помалку важни, вредни, достојни | 2 |
| 12 | Слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда дека нешто е реалност и вистина, ама не е (и чија невистинитост може да се докаже) | |
| 13 | Зборови/реченици со коишто експлицитно или имплицитно, директно или индиректно се промовираат сопствените идеологии/активности/однесувања како нешто што е во корист на народот/широките народни маси/обичниот „чесен човек“, човечноста, додека идеологиите/активностите/однесувањата, карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе, која не ја одразува волјата на народот | 2 |

Кулминацијата на политичките кампањи и последните обиди да се придобие гласачот се и основната причина зошто во мај (особено во анализата на првите денови од мај, пред изборите) гледаме зголемен број искази со кои се оцрнува одредена група и се прави поделба меѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето, при што, се разбира, ние/нашето е добро, позитивно и пожелно, а вие/вашето е лошо, негативно и непожелно.

Таков е и овој извадок од говорот на претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, емитуван на ТВ Алсат М, на 6 мај:

„Тие ќе нѐ вратат назад. Гласот за СДСМ е глас за утре и иднината, ако тие дојдат на власт, до 2030 година ќе ги гледате Црна Гора и другите држави како седнуваат на своите столчиња во Брисел, а нашето со ВМРО на власт ќе остане празно.“ (**ТВ Алсат М, 6 мај, 2024**)

На ваквиот наратив на СДСМ, во изборната кампања ВМРО-ДПМНЕ се спротивстави со обвинувања за несовесно владеење, неотчетност и криминал, работи кои тие, доколку дојдат на власт, ќе ги променат. Ја издвојуваме изјавата на претставникот на ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки, емитувана исто на 6 мај на ТВ 24:

„За два дена граѓаните ќе имаат можност да избираат помеѓу Македонија понижена, ограбена, опустошена, опљачкана и Македонија горда, достоинствена, Македонија којашто се гради и во којашто важат законите за сите подеднакво.“ (**ТВ 24, 6 мај, 2024**)

Ветувањата и политичката борба пред изборите се регуларна појава, но сепак и за нив постојат граници и важат етички норми. Нагласениот популизам и оцрнување на политичкиот опонент често резултираат со зголемена поларизација во општеството и поделби по политички и етнички линии, како и со поделеност на граѓаните по сите важни општествени прашања поврзани со иднината на државата. Ваквиот наратив создава страв, паника и несигурност и никако не придонесува за градење здраво, демократско општество. Улогата на медиумите секогаш мора да биде во корист на јавноста и на општеството и затоа ваквиот тип политички искази, преку кои се креираат поделби, не смеат да доминираат во медиумскиот простор.

За разлика од претходните месеци, бележиме и намалување на штетните наративи преку кои се навредуваат и се напаѓаат поединци или групи на лична основа, со цел да се омаловажат или дискредитираат. Ваквиот тип штетни наративи беа доста чести во претходните месеци од кампањата (во март 12, во април 10), додека во мај регистриравме 7 или само 3 по изборите на 8 мај.

Една таква размена на ниски удари под појас, придружена со голем број меѓусебни навреди, видовме во прилогот на ТВ 21 емитуван на 6 мај. Најпрвин претставникот на Европски фронт, Аријанит Хоџа ги навредува претставниците на опозицијата дека не се доволно храбри да бидат орли, туку ќе останат кокошки:

„Кокошката си останува кокошка дури и ако - ставите орелски крилја. Затоа, браќа и сестри, да не дозволиме овие од опозицијата со помош на Мицкоски да им ги пресечат крилјата на орлите.“ (**ТВ 21, 6 мај, 2024**)

Одговорот кој следи од Биљал Касами од опозициската Вреди е дека гласот за ДУИ е глас за ајдуци:

„Јас ниту пцујам ниту злоставувам, туку како градоначалник на Тетово победив кога вие имавте нула инвестиции. Гласот на Албанците не е глас за ајдуци. Гласот за ајдуци не се смета за албански глас.“ (**ТВ 21, 6 мај, 2024**)

Навредите и непристојниот, навредувачки говор беа голем дел од предизборните обраќања на политичките актери за време на овие избори, кои се обидуваа на едноставен, „народски“ начин да му се обратат на гласачот и со, условно земено, народски жаргон да го исмеат и да го понижат политичкиот опонент. Она што може да се истакне како позитивна споредба е дека ТВ-станиците кои ги следевме овие девет месеци многу ретко го дозволуваа ваквиот начин на обраќање и овој штетен наратив, за разлика од порталите, а особено социјалните мрежи, каде ваквиот дискурс беше доминантен.

## МТВ 1

Кај првиот канал на јавниот сервис повторно бележиме намалување на прилозите со штетни наративи и во мај регистриравме само 2 прилога и 2 штетни наратива. Тоа е важно затоа што јавниот радиодифузен сервис, како што наведовме и во претходниот извештај, за разлика од комерцијалните радиодифузери, особено за време на изборен период има дополнителни обврски, кои се пропишани со Изборниот законик[12], а особено со членот 76-а од овој правен акт. Овој член го пропишува времето кое јавниот сервис е должен да го посвети на изборните активности, партиите и нивните кандидати, но и информирање на јавноста за начините и техниките на гласање.

Регистрираните прилози со штетни наративи имаат само една страна (во двата случаја) и двата се со теми поврзани со внатрешната политика. Кај нив се издвојуваат штетните наративи поткопување на довербата и етноцентризам. Таква е изјавата на претставникот на ДУИ, Бујар Османи, кој гласачите ги повикува да гласаат за неговата партија, како би се зајакнала позицијата на Албанците:

„Ги повикуваме поддржувачите на опозицијата да го поддржат Европскиот фронт и да ја зајакнат позицијата на Албанците и сите други етнички заедници, против арогантното однесување на Мицковизмот.“ (**МТВ 1, 2 мај, 2024**)

Ваквата етничка пристрасност, барање глас за да се зајакнат позициите на Албанците, честопати може да доведе до погрешни „етноцентрични“ претпоставки за другиот, но и дефинитивно да влијае на сè поголемо раздвојување по етнички линии, што не е добро за мултиетнички општества какво што е македонското.

## МТВ 2

Кај вториот канал на јавниот сервис МТВ 2, мониторингот регистрираше вкупно 3 прилога во кои се забележуваат вкупно 7 штетни наративи. И кај МТВ 2 може да се изведе сличниот заклучок кој се однесува на малиот број прилози со штетни наративи, што е во согласност со улогата која како сервис на граѓаните ја исполнуваат.

Кај МТВ 2 можеме да кажеме и дека се забележува тренд на константно намалување на бројот на прилози со штетни наративи, па така, по декември, кога беа регистрирани 17 прилози, во јануари 11, февруари 10, март 7, април 5, во мај се јавуваат само 3 прилози со штетни наративи.

Најчести штетни наративи се пристрасното селектирање (3) и поткопувањето на довербата (1). Два од нив биле само со една страна, додека во еден прилог имаме повеќе страни. Сите прилози биле поврзани со теми од внатрешната политика.

12 Изборен законик – Пречистен текст март 2024 година. https://drive.google.com/file/d/1ZJMruqcNl-yC5VuWSzp-fT9BFeKphm5An/view?usp=sharing. Посетено на 26 мај, 2024.

Изјавата на Бујар Османи од ДУИ која ја издвоивме во оваа прилика, покажува на кој начин може да се предизвика страв, недоверба, но и да се разгорува национализмот преку паушални обвинувања за национализам без поткрепа со аргументи и докази:

„ВМРО-ДПМНЕ и нивните сојузници секој ден повторуваат националистички тези, кокетираат со проруски струи, отворено - се закануваат на славната војна во 2001 година, поттикнуваат тензии меѓу етничките и верските заедници во државата." (**МТВ 2, 2 мај, 2024**)

Политичките актери мора да бидат многу внимателни со изјавите во кои ги допираат националните сентименти во едно мултиетничко општество, затоа што таквиот дискурс може да произведе сериозни последици. Меѓутоа, и медиумите мора да внимаваат како ќе ги пренесат ваквите изјави, дали ќе го засилат ваквиот наратив или ќе се го означат како опасен и ќе се оградат.

## ТВ Алфа

Иако ТВ Алфа е повторно телевизијата кај која се регистрирани најголем број прилози со штетни наративи 12 (и вкупно 29 штетни наративи), мора да се нагласи дека кај оваа телевизија следиме тренд на опаѓање на штетните наративи, особено во април (14) и мај (12). Во споредба со февруари (40) и март (35), бројката од 12 регистрирани прилози со штетни наративи е индикатор за позитивен надолен тренд.

Најчести штетни наративи кои се јавуваат во мај се поткопување на довербата (8), поттикнување поделби (7) и пристрасно селектирање (6). Прилозите најчесто биле со само една страна (7 или 70 %), додека три прилози (30 %) биле со повеќе страни.

Во целиот период на мониторинг од септември 2023 година до мај 2024 година беше очигледен изразен тенденциозниот однос на медиумот кон политичките субјекти, при што се протежираше една политичка партија на сметка на нејзините опоненти. Тоа, иако во намален обем, го следиме и во мај, особено во најавата на прилозите во централните вести. Овој месец се забележани 4 случаи каде само новинарот/уредникот го креирал штетниот наратив преку тенденциозниот начин на информирање и еден случај каде тоа го направиле новинарот и политичкиот актер. Но, и во оваа категорија следиме позитивно поместување и намален број штетни наративи произведени од новинарот (како за споредба, новинарот, заедно со политичкиот актер, во март 2024 учествувал во креирањето на 18 штетни наративи).

Пример за ваквиот тенденциозен однос е најавата на прилогот во централните вести емитувани на 30 мај:

„Горчлив е вкусот на поразот ама уште погорчливо е кога се оди во опозиција. Интегративците не можат да се помират дека власта им се губи како песок низ прсти, а во борбата од поодамна веќе им снемува адути. Експертите сметаат дека лутењето на ДУИ е очекувано, иако пред само четири години за нив беше важно да има 61 пратеник за формирање влада, а сега ја сменија реториката, па играат на картата дека требало да коалицираат победничките партии од македонскиот и албанскиот блок. [...] Протест? Не верувам дека граѓаните би излегле. Има уште повеќе проблеми бидејќи треба да ги задржи коалиционите партнери. [...] Болка која не поминува кај ДУИ е тоа што ВМРО-ДПМНЕ реши да коалицира со Коалицијата 'Вреди'. Европскиот фронт освои повеќе пратеници од нив, ама земајќи ја предвид шареноликоста на нивната коалиција, не може да се знае колку од гласовите припаднаа на партијата на Ахмети." (**ТВ Алфа, 30 мај, 2024**)

Освен очигледниот навивачки однос кон еден политички блок, новинарот исто така пласира неколку проблематични тези, како на пример дека гласовите на Европскиот фронт се гласови и од другите етнички заедници, а не само албански гласови, со што се доведува во прашање нивниот резултат на изборите.

Во новинарското известување е мошне важно да се прави јасна дистинкција меѓу фактите и мислењата. Улогата на новинарот, особено во време на избори, е соодветно да ги информира граѓаните за различните идеи и политички понуди, при што мора да има балансиран однос и да избегнува пристрасност кон која и да е страна.

## ТВ Канал 5

Мониторингот на централните вести на ТВ Канал 5 во мај регистрираше само 3 прилози, но вкупно 9 штетни наративи (по 3 од прилог). Најчести биле поткопување на довербата (3) и пристрасно селектирање (2). Сите штетни наративи биле креирани од политичките актери, а новинарите само ги пренеле во прилозите, без никаква интервенција. Два прилога биле со само една страна, додека еден имал повеќе страни.

„Тоа што нема да прифатам се критиките од ВМРО-ДПМНЕ и од Христијан Мицкоски, ученикот на Никола Груевски. Тоа што Мицкоски и неговата кандидатка за претседател Силјановска се обидуваат повторно да ја саботираат иднината на државата значи дека ништо во ВМРО се нема променето во изминатиот период.“ (**ТВ Канал 5, 6 мај, 2024**)

Издвоениот прилог е од говорот на претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, кој политичкиот опонент го дискредитира на лична основа, нарекувајќи го ученик на Никола Груевски, додека за опозициската партија смета дека работи во спротивност од интересите на државата и нејзината иднина.

## ТВ 21

Во мај, кај ТВ 21 се регистрирани 8 прилози, со вкупно 10 штетни наративи. Најчести меѓу нив биле пристрасното селектирање (4) и нападите на личноста, односно демонизација (4).

Прилозите најчесто биле или со 2 страни (3 или 37,5 %) или со три и повеќе страни (3 или 37,5 %), додека само 2 прилога биле со само една страна (25 %).

Издвоениот прилог ги содржи честите обвинувања кон партијата ДУИ, меѓутоа без контекст и без никакви понудени аргументи.

„Од партија, ДУИ се претвори во ‘Коза Ностра’“. (**ТВ 21, 2 мај, 2024**)

Иако во политичката борба многу работи се дозволени, сепак изедначување на опонентот со најпознатата сицилијанска мафија, без притоа да се понудат аргументи, не може да придонесе кон подигање на нивото на политичката дебата.

## ТВ Сител

Во мај кај ТВ Сител се забележани 3 прилози, со вкупно 5 штетни наративи. Најчесто тоа биле поткопување на довербата и пристрасното селектирање. Во анализата се издвои прилогот емитуван на 2 мај, во која портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Стоилковски, обвинува вработени во Агенцијата за млади и спорт за проневера. Начинот на кој Стоилковски тоа го прави, но и како новинарот го врамува прилогот, преку намерно непренесување на целата слика и испуштање детали кои се важни за целиот контекст, е пример за тенденциозен однос и непочитување на пресумпцијата на невиност, особено ако се земе предвид дека нема официјална изјава од Јавното обвинителство.

„Како со првото вработување, како партиски подмладок за директор на АМС, на 30 години набилда четири милиони во банка и сопствен стан?", прашува Стоилковски на прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ, веднаш откако обвинува за проневера од милиони евра, а новинарот појаснува дека според негови информации се работи за 5 милиони евра. На ваков начин, гледачот добива претстава дека на сметката на директорот на АМС имало милиони евра, а не четири милиони денари (или 64.000 евра), како што е всушност случај.

На крај, портпаролот Стоилковски вели: „СДС ниту еднаш не објасни како дојде до концептот голтари влезени во политиката, а потоа милионери," (**ТВ Сител, 2 мај, 2024**)

На овој начин, истражен процес кој е во тек служи како пример со кој треба да се докаже дека политичкиот опонент е корумпиран и за време на владеењето, неговите членови успеале на нечесен начин да се збогатат. Навредите од типот „голтар влезен во политиката" служат за да го зајакнат ефектот и моделот на корупција со кој наводно се служи партијата на власт да го симплифицираат до крајност.

Во новинарството освен информациите кои се пренесуваат и стигнуваат до гледачите, мошне е важно да се види и како тие се врамуваат, односно од кој агол им се приоѓа. Исто така, покрај ова, многу е важно и кои информации се испуштаат, а се важни за гледачот да добие јасна претстава за целата слика, како во посочениот пример.

## ТВ Алсат М

Во мај кај ТВ Алсат М се забележани 8 прилози кои содржеле 8 штетни наративи. Најголемиот број од нив (7) биле поврзани со поткопување на довербата. Најголемиот дел од прилозите (4 или 50 %) биле со само една страна, 3 (37,5 %) прилози имале две страни, додека само еден прилог (12,5 %) бил со повеќе страни.

Како пример е издвоена изјавата на претставникот на ДУИ Арбр Адеми дадена на 2 мај која има за цел да предупреди за руските влијанија кои имаат за цел да ги поделат Албанците:

„Ние решивме собирот да го поместиме ден порано, само за да не влеземе во руски сценарија, сценарија на Путин и на Москва кои со посредство на нивните маши тука, со посредство на Касами и албанската опозиција, се обидуваат Албанците да ги раскараат меѓу себе." (**ТВ Алсат М, 2 мај, 2024**)

Путин, Москва и руското влијание не служи само како елемент за заплашување на гласачите, туку и како можност со нив да се поврзе секој кој е од спротивната страна, односно да се окарактеризира како соработник со злото. Во овој случај тоа е Касами и целата албанска опозиција.

Од друга страна, опозициската Вреди ја гради својата реторика околу наводната корумпираност на ДУИ, која во паника дека ќе ги изгуби изборите посега по различни криминални активности.

„ДУИ е во паника [...] и оти се потврди дека тие со злоупотреба на механизмите на власта, со закани, со уцени, притисоци и т.н. бугарски воз се обидоа и ја искривија народната волја и изборниот резултат." (**ТВ Алсат М, 14 мај, 2024**)

Иако ДИК одлучи да се прегласа на неколку избирачки места, сепак без конкретни докази опозицијата обвинува за конкретни изборни измами кои го измениле изборниот резултат.

## ТВ Телма

Во мај кај ТВ Телма беа регистрирани 5 прилози, со вкупно 6 штетни наративи. Најчести се ширење паника (3) и поткопување на довербата (2). Најголем дел биле еднострани (4), додека само еден прилог имал две страни. Сите прилози биле поврзани со теми од внатрешната политика.

Издвоениот пример е од 6 мај, ден пред изборниот молк, кога во снимена изјава претставникот на СДСМ, Фатмир Битиќи, алудира дека доколку опозицијата победи на изборите, ќе се вратат поделеноста и заробената држава.

„Да не дозволиме да отстапиме од тоа што седум години го градиме заедно и внимателно. [...] Почитувани, пред 7 години излеговме од сенките на поделеноста и заробената држава, но национализмот и изолацијата повторно демнат на нашиот праг." (**ТВ Телма, 6 мај, 2024**)

Ваквиот наратив има цел да шири страв и паника и неретко се користи како изборна тактика. На овој начин гласачите се ставени пред предизвик дека доколку гласаат за опонентот или дозволат да победи со својата апстиненција од гласање, ќе придонесат за уништување на државата или во конкретниот случај, за враќање на заробената држава.

## ТВ 24

Во мај, кај ТВ 24 гледаме зголемување, односно 7 прилози кои содржеле вкупно 12 штетни наративи, што е најмногу од почетокот на мониторингот досега. Најчести биле поттикнувањето поделби (3), напади на личноста (2), ширење паника (2) итн. Вкупно 4 од прилозите понудиле само една страна, додека 3 биле со повеќе страни. Сите прилози биле на теми од внатрешната политика.

Од прилозите ја издвојуваме изјавата на претседателот на ДУИ, Али Ахмети, дадена на 18 мај, која повторно има за цел да шири страв кај гласачкото тело, но и поттикнува негативни чувства кон македонската заедница:

„Ова е направено од двете најголеми партии од македонска националност, кои, за жал, политички се плашиме дека ќе имаат влијание и на меѓуетничките односи кои ние не ги посакуваме. Исто така, ова повторување што ќе се прави, се прави со една ризична позадина ние Албанците да се убиеме, како што се случи на едно избирачко место во Општина Желино, тоа не го посакуваме, ниту пак ќе се случи. Ако сака некој и има стратегија да пукаме ние Албанците меѓу себе, нема да се реализира." (**ТВ 24, 18 мај, 2024**)

Ваквата реторика е мошне опасна, особено во општества кои се мултиетнички и имаат историја на конфликт во минатото. Во својата изјава Ахмети директно ги обвинува и двете, како што вели „најголеми партии од македонска националност" дека придонесуваат за уништување на сложноста и единственоста на Албанците, па дури и посакуваат тие да се убиваат меѓу себе.

Овие наративи, иако можеби нема да предизвикаат моментален ефект кај граѓаните, придонесуваат за зацврстување на веќе постоечките предрасуди, зголемување на поларизираноста и влијаат на довербата во општеството. Медиумите имаат задача да ги информираат граѓаните за различните пораки и програми на партиите, но исто така не смеат да го прифатат ваквиот дискурс и дополнително да го шират, а во случаи кога доаѓа од политичките актери, нивна задача е да го препознаат и осудат.

## РЕЗИМЕ

Мај како последен месец од деветмечниот мониторинг го карактеризира надолен тренд на прилози со штетни наративи кај онлајн медиумите и кај ТВ-станиците.

Кај онлајн медиумите утврдени се 187 прилози со 311 објави, реченици, пасуси, формулации со негативна реторика, што може да се оцени како релаксирање на информативниот простор, споредено со претходните неколку месеци кога бројките на политички „штетните приказни" се искачуваа над 200 за во април месец да достигнат до 261 таков прилог. Тоа може да се припише, пред сè, на предизборната/изборната кампања за претседателските и парламентарните избори, кога политичките актери пред јавноста (гласачите) водеа меѓусебна жестока битка за власт, со напади, навреди, обвинувања, омаловажување, дискредитирање за неспособност, неодговорност, корумпираност на политичките противници, што кулминираше во април. Оттука и најголемиот број „штетни објави" се продуцирани во двата мониторирани денови (2 и 6 мај), за по гласањето на 8 мај да стивнат и да се заборават. Главните „креатори" на овие штетни наративи, политичарите, политичките партии и нивните членови, пот/претседателите, портпаролите, актуелните пратниците и претендентите за новиот парламентарен состав, „се промовираа" преку нивните јавни настапи, изнесени ставови, изјави, говори, гостувања, интервјуа во медиумите, партиските соопштенија, прес-конференциите, митинзите. Притоа, интернет-медиумите се покажаа како неисцрпен и слободен информативен простор, без ограничувања за сите и за секого. Најчести штетни наративи беа поткопувањето на довербата во институциите (117 прилози), пристрасното селектирање (68) и поттикнувањето поделби (32), а имаше и значителен број примери на напаѓање и етикетирање на политичките противници, како и ширење страв и несигурност во општеството. Штетните наративи најчесто беа пласирани преку порталот **Курир** (28 прилози), кој месеци station наназад има најголем број прилози со штетни наративи, а следуваат **Вечер.мк** (26), **Независен** (22) и **Тетова Сот** (22), кои во изминатиов период повремено редоследно го менуваа местото на скалилото или беа заменувани од други (**Република, А1он**).

Како и во претходните месеци, и во мај се наметнаа „хибридните" жанровски форми како што се партиските соопштенија и говорите на политичарите, најчесто целосно преземени (и насловот и содржината) од партиските центри за комуникации, што очекувано диктира тие новинарски не/професионално да бидат обработени, најчесто со еден извор на информации и една страна во приказната, ретко и инцидентно потпишани со име и презиме или иницијали на новинарот, визуелно покрепени со актуелни или со архивски снимки, но необележани (за субјектот во прилогот, сниماтелот, изворот на снимката), а за главната тема, внатрешната политика, поважен е насловот (најчесто ударен) од содржината составена од само неколку кратки пасуси. Од политичките актери, во континуитет, најчесто се апострофирани колективните, односно ВМРО-ДПМНЕ, далеку пред СДСМ или ДУИ, а од индивидуалните Христијан Мицкоски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, а зад него Димитар Ковачевски, претседателот на СДСМ, иако овој месец на врвот се ДУИ и нејзиниот претседател Али Ахмети, а дури потоа ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Христијан Мицкоски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. На ваквата слика влијае „премолчаната" распределба меѓу некои од порталите во однос на тоа кој за кои политички актери ќе информира, наспроти атрибутите дека пласираат „вести во движење", „брзо и различно", „точни и вистинити информации" или дека се „одраз на вистината".

Во последниот месец од следењето на штетните наративи во централните информативни емисии на ТВ-станиците, се забележува најмал број вакви прилози досега, односно 51 прилог кои содржеле вкупно 88 штетни наративи. Трендот на опаѓање кој беше видлив уште во март (79 прилози), а продолжи со сериозен пад во април (55 прилози), кулминираше во последниот месец, во кој се одржа вториот круг на парламентарните избори.

Иако изненадува ваквиот низок број во екот на изборната кампања, сепак мора да се нагласи дека ТВ-станиците (за разлика од онлајн порталите) се предмет на правна регулатива која им наметнува посебни правила на информирање, особено во време на избори. Информирањето на телевизиските стани-

ци за време на избори не е само предмет на регулација на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги туку и на Изборниот законик. Дополнително, известувањето во предизборниот период го следат неколку домашни и странски организации, вклучително и медиумскиот регулатор, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Уште една позитивна карактеристика која треба да се издвои е дека, со мали исклучоци, новинарите не учествувале во креирањето на штетните наративи, туку тоа најчесто го правеле политичките актери. Од 61 индикатор за штетни наративи, новинарот сам бил одговорен за создавањето на 5, додека во 4 случаи тоа го направил заедно со политичкиот актер,

Најчести штетни наративи во мај биле поткопување на довербата во институциите (29), пристрасно селектирање (19), поттикнување поделби (13), ширење паника (10) и напади на личноста, односно демонизација (7). Ваквите наративи се креирале најчесто преку тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (30) и употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето (16).

Како што беше вообичаено и досега, најголемиот број прилози се поврзани со теми од внатрешната политика (46 или 90,2 %), додека еднostраноста останува една од најочигледните специфики на прилозите со штетни наративи, односно само една страна во прилогот е претставена во 29 прилози (56,9 %), 7 биле со 2 страни (13,7 %) и 13 со повеќе страни (25,5 %).

ТВ Алфа е повторно медиумот кај кој се забележани најголем број прилози со штетни наративи (12 или 23,5 %), но трендот на намалување кој го следиме во последните три месеци кај сите телевизии, е очигледен и за ТВ Алфа. Тоа што останува карактеристика на оваа телевизија е изразено тенденциозниот дискурс, во кој се протежира една страна и една политичка опција.

Како што се истакнува и во Прирачникот за етичко известување од избори[13] кој во 2021 година го издаде Здружението на новинари на Македонија, медиумите во нивното информирање треба да избегнуваат пристрасност кон или против која било страна. „Овој принцип подразбира инклузивност во известувањето - да се разгледува поширока перспектива и да се осигури дека различните гледишта што постојат соодветно се пренесени. Сите новинари имаат свои лични мислења и, за да овозможат сеопфатно и професионално покривање на вестите и на тековните настани, мора да се издигнат над своите лични гледишта“[14].

Голем дел од политичките изјави во мај беа на некој начин поврзани со ширење страв и паника кај гласачите. Ваквите стратегии не се ретки за време на избори и политички кампањи и политичките актери кои ги користат имаат намера да покажат дека токму нивната партија е таа која е подготвена да се справи со различните предизвици во општеството. Во конкретниот случај тоа е спасување на државата од „национализмот“, „изолираноста“ и „напуштање на ЕУ-перспективите“ или на другата страна спасување на општеството од „корупцијата“, „криминалот“ и „неправдите“.

13 Здружение на новинари на Македонија, Прирачник за етичко известување од избори во Северна Македонија. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/prirachnik-za-etichko-izvestuvane-od-izbori-vo-severna-makedonija.pdf. Посетено на 26 мај, 2024.

14 Здружение на новинари на Македонија, Прирачник за етичко известување од избори во Северна Македонија. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/prirachnik-za-etichko-izvestuvane-od-izbori-vo-severna-makedonija.pdf. Посетено на 26 мај, 2024.

Проблемот станува уште посложен, кога во стратегиите за ширење страв се користат лесно запаливи средства, односно релациите меѓу различните етнички заедници во општеството и националните чувства кај граѓаните. Изјавите од типот, другите не ни мислат добро и сакаат ние да се поделиме, зацврстуваат некои негативни предрасуди и дополнително ги шират стереотипите за другите заедници. Политичките елити кои не инвестираат во градење на меѓусебна доверба и зближување на сите различни групи во општеството, не можат да се повикуваат на соживот и мултиетнички општества.

Улогата на медиумите во овој контекст е многу важна. Прво, во ниеден случај не смеат да ја прифатат ваквата потпалувачка реторика и да станат политичко оружје преку кое ќе се шири ваквиот наратив, а второ мора да ги анализираат, да се оградат и отворено да ги осудат потпалувачките и опасни искази, затоа што последиците од нивното ширење може да бидат мошне сериозни.

**Институт за комуникациски студии**

НЕ ВЕРУВАЈ **ПРОВЕРУВАЈ!** #користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

**Месечен извештај**
**(мај 2024)**

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти